САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово

Општина Куманово

за период од 2024 до 2026 година



Датум

02.11.2026 год.

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово
Адреса	ул. “Народна Револуција” Бр.43, Куманово
Телефон, е-пошта	031/424-281 ou-brakjamiladinovci-kumanovo@schools.mk
Период на подготовка на СЕУ	Мај 2026 год.
Број на ученици во училиштето	1240
Број на подрачни училишта	2
Училишен директор	
Име и презиме	Јасминка Спасовска
Потпис	
Датум	02.11.2026 год.
Одобрување од УО	
Име и презиме	Филип Саревски
Потпис	
Датум	10.11.2026 год.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Индикатори за подрачјето:
1.1 Планирања на наставниците; 1.2 Наставен процес; 1.3 Искуства на учениците од учењето; 1.4 Оценувањето како дел од наставата; 1.5 Воннаставни активности и натпревари;

Собирање податоци		
Индикатор 1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Планирања на наставници • Анкети со наставници	Поддршка и следење на планирањата на наставниците Размена на	Наставниците во училиштето ги изготвуваат планирањата во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во планирањата на наставниците. Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети. Секоја учебна година наставниците изготвуваат годишни глобални и тематски планирања за задолжителни и изборни предмети,дополнителна и додатна настава и воннаставни активности. Изготвените планирања во електронска форма се доставуваат до педагогот на училиштето до 15 септември. Училиштето им дава поддршка на наставниците за поефикасно планирање преку:стручни консултации со стручна служба, интерни семинари во рамките на стручни активи и семинари од страна на БРО. За инклузирани ученици наставниците изготвуваат Индивидуален образовен план (ИОП) и Модифицирана програма за помал дел на ученици во соработка и поддршка со инклузивен тим. Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесува за добивање на поддршка од директорот или стручната служба, најголемиот број наставници се изјасниле дека добиваат поддршка или 90 %, мал дел од наставниците се изјасниле дека немаат поддршка или 6,8 %. и дека немаат информација се изјасниле 2,3 % од наставниците. Размената на искуства и информации при планирањата се врши преку

• Записници и списоци од состаноци настручни активи • Анкети со наставници	искуства и на информации при планирањето	стручните активи при соработка за реализација на наставните програми, соработка со стручната служба и дискусија на Наставнички совети. За оваа тема „Размена на искуства и информации при планирањето“, од индикаторот планирање на наставниците извори на податоци кои се користеа се: записниците од стручните активи и прашалникот за наставниците. Наставниците размонуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини во рамките на стручни активи. Наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации со стручните активи, каде размонуваат искуства, како за годишните планирања, така и за оперативните планирања начасовите. Тие исто така, планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно. Од анализата на записниците на стручните активи констатирано е дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети. По анализа на записниците констатирано е дека има многу точки од дневен ред каде наставниците размонуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини, а дел од нив се: -Актив на општествени науки: Изработка и користење на програми за слободни изборни активности; -Актив на природни науки: Дисеминација – нова наставна програма за VI одд., планирање и реализација на наставата; Дисеминација – нова наставна програма за VII одд., планирање и реализација на наставата; -Актив на одделенска настава: Размонување на искуства на одделенските наставници во врска со наставните програми, изборни предмети, воннаставни активности, слободни ученички активности како и начин на водење на педагошка евиденција и документација; -Актив на јазично естетско подрачје: Избор на учебници и изготвување на годишно и месечно планирање, вметнување на ЕКО и МИО стандардни во наставата; -Актив во посебни паралелки: Модифицирана програма – Реализација на настава по модефицирана програма и нејзино изготвување; Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на размена на искуства и информации при планирањето се добија следните податоци: **По однос на тврдењето: Во рамки на стручните активи размонуваме**

		искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието, анкетирани се вкупно 44 наставници: 68,2% од наставниците целосно се согласуваат, 29,5 % се согласуваат по ова тврдење и 2,3% не се согласуваат со тврдењето. *Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Членови на училишен тим – Биљана Стоилковска, Милена Михајловска*
Индикатор 1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Планирања на наставниците • Процедура за следење на наставници	Реализација на наставни планови и програми	Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование (деветгодишното образование). Училиштето ги нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука, вклучувајќи ја и Новата концепција која стратуваше 2021/22 година во прво одделение Концепцијата е донесена со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 Министерство за образование и наука. При реализацијата на наставните предмети нема отстапувања од

• Распоред за посета на часови • Извештаи од посетени часови • Е-дневник • Водич за инклузивно образование • Тим за училишна интеграција		наставните програми. Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование и Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена. Наставата се планира и реализира согласно потребите и можностите на учениците. Тоа подразбира дека наставникот умее да ги идентификува предзнаењата и способностите на учениците и согласно тоа да планира индивидуализиран пристап и диференцирана настава. Наставниците соработуваат со учениците, ги разбираат, прифаќаат и почитуваат. За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество за сите ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот. Поголем дел од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Наставата по физичко образование од прво до петто одделение се одвива во тандем настава професор-одделенски наставник. Сите наставници реализираат додатна и дополнителна настава за која е изработен и истакнат распоред на огласната табла и веб страната на училиштето. Наставници кои работат со ученици со ИОП со образовен асистент или без образовен асистент изготвуваат и ја прилагодуваат наставната програма според нивните способности. За време на наставата образовниот асистент помага за полесно совладување и усвојување на истата. Во состав на училиштето работи Центар за подршка со паралелки за ученици со посебни образовни потреби. Вработените дефектолози работат по наставни планови и програми пропишани од МОН. Во центарот работи и логопед со учениците кои имаат потреба од логопедски третман. Во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим во кој членуваат: директор, дефектолог, педагог, психолог, два наставника и родител.Се формира и инклузивен тим за ученик кој има добиено мислење од МКФ. Тимот изработува ИОП за работа со деца со ПОП и го следи напредокот со ученикот.За потреби на учениците со физичка попреченост приспособен е пристап односно пристапна рампа до влезовите на училиштето, холот, лифт и тоалетите.

• Програма за работа на училишниот инклузивен тим • Програма за работа на дефектолог,педагог и психолог • Изготвени ИОП за ученици • Извештаи од реализирани работилници		Во нашето училиште се реализираат разновидни проектни активности,за развивање на еколошката свест и безбедност на учениците. **Во 2024/2025 година реализирани се повеќе проекти**. -Општински Сојуз на Училишен Спорт Куманово со своите претставници - наставници по ФЗО од ООУ „Браќа Миладиновци“ и ООУ „Крсте Мисирков“, зема учество во организацијата и придонес во реализација на инклузивни спортски игри на настанот „Природата – нашата омилена училница“ на основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ - Скопје, а иницира од лични и образовни асистенти од сите основни училишта во Општина Куманово. Училишниот Сојуз оваа соработка ќе ја реализира во иднина секоја учебна година како дел од програмата за работи и редовни активности во училишните спортски клубови. -ОСБСП Куманово и СВР Куманово уште еднаш успешно ја реализираа традиционалната манифестација за ученици од основните училишта „ Детски семафор“ кое се одржа на 31.5.2024 и 01.6.2024 во просторите на ООУ„ Вук Караџиќ “. Завршна активност од грантот за меѓуетничка интеграција во образованието доделена од МОН. -Одржан шаховски натпревар помеѓу ученици од второ и седмо одделение со партнер училиштето ООУ „Бајрам Шабани“. -Во Центар за поддршка на ученици со попреченост при нашето училиште се одржа и втората планирана заедничка инклузивна работилница со ученици од Центарот и ученици од ООУ„ Христијан Тодоровски Карпош“ и ООУ„ Наим Фрашери“ кои се дел од проектот „Инклузија на деца со ПОП“ во организација на Здружението „Отворете ги прозорците“ од Скопје подржано од Детска фондација Песталоци. Под мотото „Сами можеме малку,заедно можеме многу повеќе “ - ученици од двете училишта и од Центарот за поддршка на учењето преку активности, разговор и примери се запознаа и стекнаа знаења за интеркултурализам, заеднички особини и карактеристики за момчиња и девојчиња и за разликите помеѓу нив. -Во нашето училиште се одржа првата работилница на тема „Ненасилно решавање на конфликти преку СМАРТ-табела“ во соработка со невладината организација „Центар за толеранција и доживотно учење“. Реализиран уште еден успешен и корисен проект„ Да ја зачуваме нашата планета Земја“ **Во 2025/2026 година реализирани се повеќе проекти.** -Министерството за образование и наука, во соработка со УНИЦЕФ и

		Филозофскиот факултет при УКИМ, спроведува Анализа на моделот на образовна поддршка што се нуди преку Ресурсните центри и Центрите за поддршка на децата со попреченост во основните училишта. -Успешно заврши и третата дводневна обука за наставници, директори,стручни соработници и претставници од државни институции на тема „Превенција од насилен екстермизам, радикализам и врсничко насилство“ во Стар Дојран (26-27.09.2025) -Под мотото: „ Детето денес - иднината утре “ , започнавме со одбележување на деновите на Детската недела. -Едукативна работилница на тема Врсничко насилство меѓу децата во училиштата.Претставници на Отсекот за превенција при СВР Куманово и на Општински совет за превенција на детско престапништво спроведоа едукативна работилница во ООУ „ Браќа Миладиновци “ - Куманово, на тема Врсничко насилство меѓу децата во училиштата. -По повод Детска недела денес првачињата станаа членови на Детската организација при ООУ„ Браќа Миладиновци“.Во весела и разиграна атмосфера првачињата „ ветија“ умни и вредни ќе бидат. -Родители, Flourish и Institut Alternativa организираат бесплатни работилници за родители и деца. На овие работилници децата со своите родители ќе се дружат, забавуваат и ќе уживаат во интересни и забавни активности. Овие работилници се бесплатни и за прв пат се одржуваат во Куманово во просториите на ООУ „Браќа Миладинови“ и ООУ „Крсте Мисирков“. -На 22.10.2025 г. се обележа денот на Македонската револуционерна борба во просториите на Занаетчиски Дом Куманово организирано од Општина Куманово на која присуствуваа и ученици од нашето училиште. -Активностите од проектот „Безбедна училишна средина“проект се спроведува со следниве организации.@Коалиција на младинска организација СЕГА, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi ,@Smart up,@Macedonian civic education centre и детско село Pestalozzi од Швајцарија. Работилницата беше на тема „Комуникација“,преку игри ,задачи и задолженија учениците сфатија,колку е битна комуникацијата помеѓу луѓето и зошто секогаш треба да бидеме трпеливи и да се слушаме меѓу себе.Така

		полесно и побрзо би дошле до заеднички решенија на проблемот. -Денот на здрава храна со многу боја, вкус и насмевки! -По повод 25 Октомври Европски ден на правдата.Учениците од Ученичкиот Парламент добија покана да го посетат Основниот суд во нашиот град и да се запознаат со работата на судот.Имаа средба со судиите ,ги посетија просториите во кои работи судот,да ги чујат нивните предавања и да поставуваат прашања. -Работилница од проектот„ Промоција на Безбедна училишна средина “. Проектот се спроведува од Коалиција на младинска организацијата СЕГА, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi,@Smart up,@Macedonian civic education centre и детско село Pestalozzi од Швајцарија. Работилницата беше со наслов„ Истражување “.Целта на работилницата беше да учениците да ги изразат своите идеи и желби какво училиште би сакале да имаат во иднината. -Театарски работилници „ Мојот омилен лик од бајките “ -рачна изработка на кукли во училница. -Работилница од проектот „ Промоција на Безбедна училишна средина “на тема:„ Креирање иницијатива -проект “. -Учениците од ООУ,, Браќа Миладиновци,, во рамките на проектот„Промовирање на младински активизам во мултиетнички заедници“ во соработка со Центар за интеркултурен дијалог и училиштето „ Наим Фрешери“ беа дел од обука.. -Литературен конкурс по повод 11 Ноември-Ден на ослободување на Куманово, организиран од НУЦК „ Трајко Прокопиев “ и Оддел за превенција при СВР Куманово. -Уличната трка по повод празникот на градот Куманово. -По повод „11ти Ноември“ се одржа општински турнир во шах организиран од Општински сојуз на училишен спорт на Куманово во соработка со Градски шаховски клуб Куманово. -Делегација од ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово присуствуваше на панел

		дискусија во рамките на националната кампања „Магијата е во знаењето“ организирана од страна на Министерството за образование и наука чиј домаќин беше Општина Куманово. -Недела на грижа на стари лица- Ученици од петто одд. при ООУ „Браќа Миладиновци“ се вклучија во одбележување на Недела на грижа на стари лица под мото „Сите сме Ваши деца“ со посета на Домот за стари лица „Зафир Сајто“- Куманово. Целта на посетата е да се подигне свеста на населението за правата на старите лица, потреба од наша грижа и помош. -Работилници по повод 20 Ноември – Светскиот ден на детето. -Здружението за асистивна технологија,,Отворете ги прозорците одржа завршна конференција „Инклузија во движење: Чекори кон промена“ во склоп на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“, поддржан од Детската Фондација Песталоци. -Работилница по повод 3ти Декември-Меѓународен ден на лица со попреченост „Заедно можеме да изградиме подобро општество за сите“ -Одржани работилници во рамки на проектот „Општествена хуманитарна работа“ -„Мисија света ширел од Кирил и Методиј знаења збирал,учел за писменоста што верата ја враќа учел од своите солунски браќа.“Во чест на Св.Климент Охридски дел од нашите ученици имаа можност да се запознаат со плодната дејност на учителот словенски. -Делегација од ООУ„ Браќа Миладиновци“ присуствуваше на настан „Херои во сите бои“ организиран од Фондацијата д-р Верица Механџиска и Зегин, посветен на лицата со аутизам. -Во рамки на проектот „За занаетите со младите“, етнологот Мартин Наковски организираше едукативна посета на локален бербер Џелал Мехмеди-Џеки со ученици од ООУ „Браќа Миладиновци“ -Реализацијата на проектот „Еко град на иднината“ -Хуманитарната активност „Собирање, изработка и дарување“ во рамки на

		проектот Општествена хуманитарна работа. -Проектот „За занаетите со младите“, етнологот Мартин Наковски организираше едукативна посета со ученици од ОУ „Браќа Миладиновци“ Куманово на локален ковач Исмет Ислаиљовски, со цел младите одблиску да се запознаат со традиционалните занаети и нивното значење во културното наследство. -Новогодишна магија во нашето училиште .Со смеа, песна и волшебни моменти,подготвивме новогодишна претстава со учениците од седмо одделение,посветена на најмалите и најмилите! Ден со детска радост, искрени насмевки и магија во срцата! -Активност од проектот општествена хуманитарна работа ги посетивме нашите другари од „Порака наша“. -Ученици од основното училиште ООУ „,Браќа Миладиновци“, во придружба на своите наставници, реализираа едукативна посета на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ – Куманово. -Учениците од ООУ„ Браќа Миладиновци “ - Подрачно училиште од село Пчиња, Студена Бара и Вак'в, за прв пат во Бадникови Поворки, да ја најават радосната вест. -Во просториите на ССОУ „Перо Наков“ и поранешен Комитет се одржа полуфиналето на „ Квиз на знаење“ за основни училишта во организација на Отсек за Превенција – СВР Куманово, во соработка со Општински совет за превенција од Општина Куманово со прашања од Историја, Географија, Граѓанско образование, познавање на прекршок или што е кривично дело, од која година се кривично одговорни и сл.. -Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ продолжува и оваа година.По иницијатива на училишниот парламент, денеска во големата сала на нашето училиште беше одиграна фер утакмица во кошарка. -U Code Week 2025- Учиме преку игра. -Уште една успешна активност од проектот

		#ПромоцијанаБезбеднаУчилишнаСредина. Уште еднаш учениците докажаа дека се спремни да работат тимски,да си помагаат едни на други.Денеска девојчињата од нашето училиште одиграа фер утакмица во одбојка. -Уште едно прекрасно дружење, соработка,детска среќа ни исполни активноста од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Активноста се реализираше на спортскиот комплекс Соколана. -Првата активност од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието на тема-Животна средина и климатска акција под наслов „Од семе до цвет“ се реализираше во пријатна и позитивна атмосфера во нашето партнерско училиште „Бајрам Шабани“. -Нашите ученици од заедно со учениците од партнер училиштето „Бајрам Шабани“ реализираа заедничка активност од добиениот грант од МОН за меѓуетничка интеграција во образованието. Учениците водени од своите наставници по информатика истражуваа и изготвија двојазична презентација на тема- Сајбер насилство и заштита од истото. -Во ООУ „Браќа Миладиновци“ се одржа првата работилница во рамки на проектот „Бајките како поттик за детската фантазија“ на Јавната општинска установа Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово. Овој проект се спроведува со финансиска поддршка на Општина Куманово, преку Јавен повик за прибирање на предлог проекти за организирање на културни манифестации во Општината, предвидена во Програмата на културни манифестации за 2026 година. -Со поддршка на Просветно дело, советување на тема: - „Читањето во ерата на екраните – битка помеѓу алгоритмите и книгата“ Заедно можеме повеќе и подобро во мисија на литературата за деца и создавањето на читачки навики кај младата популација. -Нашите учениците заедно со учениците од партнер училиштето „Бајрам Шабани “ ја реализираа втората активност од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието -Животна средина и климатска акција „Од семе до цвет “.Учениците учествуваа во средување на еколошки катчиња во

		дворовите на училиштата. -21 март – Денот на пролетта , во организација на Отсекот за превенција при СВР Куманово и Општинскиот совет за превенција, заедно со ученици од при ООУ „Браќа Миладиновци“, со радост го одбележавме доаѓањето на најубавото годишно време. -Зборот гради, насмевката обединува! Со многу емоции ,искрени насмевки и топлина ја заокруживме,завршната приредба од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. -Модна ревија од рециклирани материјали Со многу насмевки, креативност и позитивна енергија ја заокруживме нашата последна активност од проектот „Општествена и хуманитарна работа“ -По повод 1.Април-Денот на шегата,нашите ученици од зграда Соколана се забавуваа и се маскираа! -Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ го спроведувас Coalition of youth organizations SEGA во партнерство со First Children's Embassy in the World Megjashi Republic of Macedonia, SmartUp - Social Innovation Lab и МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование / МСЕС, а со поддршка на Детската фондација Kinderdorf Pestalozzi.Дружење и работиње со учениците и родителите од О.О.У. „Григор Прличев“ - Охрид и О.О.У. „Браќа Миладиновци“ - Куманово. -По повод 7 Април „Светски ден на здравјето“,учениците од ООУ„Браќа Миладиновци“,го одбележаа со здрава храна,чисти заби -среќен и здрав живот. -По повод 7- ми Април – Светски ден на здравјето, во нашето училиште се одржа едукативно предавање на тема: „ Кратко задоволство, долгорочни последици: психоактивни супстанци и нивни несакани дејства“ , реализирано од страна на доктор Маријана Петрушевиќ вработена во ЈЗУ Општа болница Куманово / ISHP Spitali i përgjithshëm Kumanovë. -Хуманитарниот турнир организиран од страна на Црвен Крст. -Нашите ученици, заедно со учениците од ООУ „Бајрам Шабани“, успешно ја

		реализираа втората работилница од проектот МИО. Темата на оваа работилница беше изработка на двојазична програма во Scratch, при што учениците покажаа голема креативност, тимска работа и желба за учење. -Денот на планетата Земја, под мотото : „ Сакаме чиста и зелена планета “. -Учениците со ПОП и ОА од нашето училиште испратија пораки по повод „ Денот на планетата Земја “ -Во нашето училиште се одржа манифестацијата „Франкофонија“, која ја подготвија нашите ученици од V одделение, што оваа учебна година следеа часови по сензибилизација. -Во рамките на активностите на МИО, успешно ја реализиравме третата работилница заедно со учениците од ООУ „Бајрам Шабани“. -Нашето училиште ги реализира активностите од Еразмус+ КА1 проектот на тема „Diversity, Inclusion and Green Future – Growing Together“ . Истиот има за цел да поттикне прифаќање на различностите, еднакви можности и развој на еколошка свест кај учениците и наставниците. Мобилноста се реализира во училиштето Платон во Катерини, Грција, каде учесниците преку интерактивни работилници, групни дискусии и заеднички активности учат за културна разноликост, социјална инклузија и одржлив развој. Проектот придонесува за развој на меѓукултурни компетенции, толеранција и одговорен однос кон природата, градејќи заедничка зелена и инклузивна иднина. -Во рамките на акцијата„Генералка викенд “ во нашето училиште се реализираше Еко час на тема „Кружно движење на водата во природата и климатски промени“. Преку интересни активности учениците се запознаа со водниот циклус,значење на водата за природата и влијание на климатските промени врз животната средина. Со заедничка работа ја развиваме еколошката свест и грижата за нашата планета. -Министерството за образование и наука, заедно со Бирото за развој на образованието, и оваа година ја организира активноста „Еко час“ како дел од

		големата пролетна акција за чистење „Генералка викенд“. Акцијата се реализира во периодот од 8 до 10 мај на повеќе од 600 локации низ сите општини во државата, со цел подигнување на еколошката свест и поттикнување на грижата за животната средина кај младите. Во рамки на активностите, учениците од IX одделение заедно со наставничката по хемија Елена Трпковска работеа на темата **„**Истражување на почва“, избрана од Прирачниците за образование за животна средина. Учениците се запознаа со начинот на правилно мострирање на почва и со постапката за земање репрезентативен примерок за лабораториска анализа. -Учениците-љубители на биологијата и природните науки од V до IX одделение, заедно со наставниците ја посетија Ботаничката градина при ПМФ-Скопје. За време на посетата учениците ги проширија своите знаења од областа на ботаниката,се запознаа со различни видови на егзотични и ендемични растенија и научија за нивниот животен циклус . Ја посетивме и лабораторијата каде што учениците се запознаа со основните лабораториски набљудувања,изработуваа микроскопски препарати и ги набљудуваа со микроскоп. Посетата беше успешно и едукативно искуство што кај учениците поттикна уште поголем интерес и љубов кон природните науки и истражувањето -Последната и завршна активност од проектот МИО беше успешно реализирана преку креирање креативен постер на тема „Стоп за насилство“ во Canva, во соработка со нашето партнер училиште ООУ„Бајрам Шабани“. Активноста овозможи одлична соработка, размена на знаења и вештини, како и дружење и градење меѓусебно пријателство. -Во рамките на активностите на МИО успешно ја реализиравме последната работилница со учениците од ООУ „Бајрам Шабани“. Учениците преку кратка презентација и квиз за стекнати знаења повторија за растењето на растенијата - од мало семе до прекрасен цвет . Активностите со партнер училиштето придонесоа за успешна соработка меѓу наставниците и учениците,размена на искуства и знаења,како и за развивање на еколошката свест и тимскиот дух. Направена е анкета на родители и ученици. Во 2024/2025 година анкетирани се 459 родители и 292 ученика. На прашањето: **Дали во текот на годината моето дете ги има сите**

		наставни часови според распоред? Ги добивме следниве резултати: Целосно се согласуваат 59%, се согласуват35%, не се согласуват 4%, целосно не се согласуват 1% и не се информирани 1%. На прашањето:**Дали на часовите имам можност да учам на различни начини?** (на пр. Преку проекти, преку игра, преку истражување).Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 35%, се согласувам 48%, не се согласувам14%, целосно не се согласувам 2% и не сум информиран1%. Направена е анкета на родители и ученици. Во 2025/2026 година анкетирани се 265 родители и 163 ученика. На прашањето:**Дали моето дете слободно може да се изрази за време на часовите?** Ги добивме следниве резултати: Целосно се согласуваат 34%, се согласуват45%, не се согласуват 13%, целосно не се согласуват 2% и не се информирани 5%. На прашањето:**Дали на часовите имам можност да учам на различни начини?** (на пр. Преку проекти, преку игра, преку истражување).Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 23%, се согласувам 54%, не се согласувам13%, целосно не се согласувам 4% и не сум информиран 4%.
• Анкетен прашалник • Постапка за избор на изборен предмет	Избор на наставни предмети	Нашето училиште има слобода да понуди изборни предмети кои произлегуваат од пројавените интереси на учениците коишто учат во тоа училиште и истовремено ги зема предвид можностите на наставниот кадар што работи во училиштето и на ресурсите со кои располага училиштето. Всушност, нашето училиште задолжително нуди две листи на изборни предмети, едната се однесува на учење на Втор странски јазик, а другата опфаќа таканаречени Слободни изборни предмети кои ги нуди училиштето, зависно од интересите на учениците. Слободните изборни предмети се планираат исклучиво околу очекуваните резултати од учењето кои директно произлегуваат од конкретни компетенции

		од Националните стандарди. Една од битните цели на слободните изборни предмети е на учениците да им се даде можност да ги откријат своите „силни страни“ и вештини коишто не можат да бидат видливи на другите часови и со тоа да се афирмираат пред своите соученици. Се очекува дека тоа ќе развива позитивен став на учениците кон училиштето и ќе ги мотивира за повисоки постигања во задолжителните наставни предмети. Во посебна листа на изборни предмети спаѓаат таканаречените Слободни изборни предмети. Во првиот образовен период (I-III одд.) слободниот изборен предмет се реализира во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет, секој ученик се поттикнува самиот да избере што сака да прави како дополнување на она што е веќе учено во текот на денот/неделата и/или целата паралелка да избере заедничка активност како поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (на пример, една од повеќе понудени работилници од Образование за животни вештини). На учениците од вториот образовен период им се нуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети: (1) изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети (пример: математичко-логичко резонирање, програмирање, сликање/цртање/вајарство, класична култура,); (2) изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети (пример: фотографија, театарски работилници, танцување); (3) изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (пример: образование за животни вештини, мултикултурни работилници); (4) изборни предмети од спортско-рекреативен карактер (пример: фудбал, кошарка, ракомет, одбојка); За да се обезбеди почитување на јазичниот и културниот идентитет на помалите етнички заедници, училиштето на учениците од овие заедници, кои учат на јазик различен од мајчиниот, им нуди можност за изучување на сопствениот јазик и култура почнувајќи од III одд. преку избор на еден од следните предмети: Јазик и култура на Ромите и Јазик и култура на Србите. По направениот избор предметот добива статус на дополнителен наставен предмет.

		Направена е анкета на родители и ученици. Во 2024/2025 година анкетирани се 459 родители и 292 ученика. На прашањето: **Дали сум запознаен со листа на изборни предмети?** Родителите се изјасниле на следен начин:целосно се согласуваат 49%, се согласуваат 40%, не се согласуваат 6% ,целосно не се согласуваат 1% и немаат информација 4%. На прашањето: **Дали изборни предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите инттереси?** Се изјасниле на следниов начин: целосно се согласувам 38%, се согласувам 40%, не се согласувам 12%, целосно не се согласувам 5% и немам информација 5%. На прашањето: **Дали сам/а ги имам избрано слободините изборни активности и предмети во кои учествувам?** Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 33%, се согласувам 38%, не се согласувам 17%, целосно не се согласувам 9% и немам информација 3%. Направена е анкета на родители и ученици. Во 2025/2026 година анкетирани се 265 родители и 163 ученика На прашањето: **Дали сум запознаен со листа на изборни предмети?** Родителите се изјасниле на следен начин:целосно се согласуваат 44%, се согласуваат 44%, не се согласуваат 7% ,целосно не се согласуваат 1% и немаат информација 2% На прашањето: **Дали изборни предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите инттереси?** Се изјасниле на следниов начин: целосно се согласувам 32%, се согласувам 41%, не се согласувам 17%, целосно не се согласувам 3% и немам информација 5%. На прашањето: **Дали сам/а ги имам избрано слободините изборни активности и предмети во кои учествувам?** Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 23%, се согласувам 49%, не се согласувам 16%, целосно не се согласувам 6% и

		немам информација 7%. *Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Магдалена Миладиновска*
Евиденција од часови; Евиденција од е-дневник; Извештај од анкетен прашалник за наставниот кадар; Извештај од анкетен прашалник за учениците; Извештај од стручни	Избор на задачи, активности и на ресурси	Наставниците во воспитно-образовната работа,односно наставниот процес, со цел остварување на планираните цели и задачи и реализирање на наставните содржини користат разновидни задачи, активности и ресурси.При избор на истите,се земаат во предвид индивидуалните способности,можности и потреби на секој ученик,како и нивната возраст,предзнаења и стилови на учење. Наставниците избираат настави форми и методи кои се фокусирани на процесот на стекнување на знаења и развивање на способности за учење кај учениците а не пласирање на готови знаења. На тој начин, наставниците ја прилагодуваат наставата во зависност од индивидуалните способности и можности на учениците и овозможуваат активно вклучување на учениците во наставата кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. Истите придонесуваат за развивање на критичко мислење кај учениците и логичко заклучување како и стекнување на знаења применливи во секојдневниот живот. Разновидноста на наставните средства и материјали кои ги применуваат наставниците во наставната практика, придонесуваат за креирање средина за учење која нуди најразлични доживувања и стекнување искуства, кои освен когнитивниот развој на учениците го поддржуваат и нивниот социо-емоционален развој.

активи; Годишни,тематски и дневни планирања		Ресурсите со кои располага училиштето се употребуваат на функционален начин. За непречено одвивање на часовите, на наставниците им се достапни и различни нагледни средства кои ја приближуваат наставата до учениците, манипулативни материјали кои го олеснуваат учењето и потрошен материјал со кој се овозможува реализација на наставата. Разновидноста на нагледните средства и наставните помагала што се применуваат во наставниот процес служат да ја зголемат активноста и мотивацијата на учениците, да им го задржат фокусот на наставата и да придонесат за развој на функционалните способности кај учениците. Нашето училиште навремено организира обуки за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Исто така наставниците во рамки на стручните активи редовно разменуваат искуства од наставната практика-планирање на часовите, избор на соодветни наставни активности, задачи и методи, соработуваат и се надополнуваат.Работата на наставниот кадар континуирано се следи од страна на директорот на училиштето и стручната служба. Во нашето училиште оваа година во однос на спроведување на самоевалуацијата на квалитетот на работата на училиштето, спроведен е анкетен прашалник за наставниот кадар (44 наставника), каде во рамки на подрачјето : Планирање, настава и учење се опфатени повеќе гореспоменати елементи. На тврдењето „**Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата**“ наставниците во најголем дел 97% одговориле дека се согласуваат дека добиваат навремена обука,додека само 3% од нив не се согласуваат со ова тврдење. На исказот **„Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците,“**,сите анкетирани наставници целосно се сложуваат со овој исказ дека наставата ја прилагодуваат според индивидуалните образовни потреби на учениците. На тврдењата **,, Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“** и **,,Во наставата користам приоди кои поттикнуваат**

		истражување и решавање на проблеми“,најголем број од наставниците се изјасниле дека користат различни ресурси за учење и настава и приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, ниту еден наставник не се изјаснил спротивно. На тврдењето **,,Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети“** најголем дел од наставниците ,односно 97% се согласуваат со ова тврдење, 7% не се согласуваат а само 2% не знаат или немаат таква информација. На исказот **,,Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите,најмалку два пати во полугодието“** 68% од наставиците одговориле дека целосно се согласуваат , 30% се согласуваат, додека само 2% не се согласуваат со исказов.
	Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно	Во нашето училиште наставниците остваруваат пријателски однос со учениците и се однесуваат кон нив со почит,внимание и грижливост, што придонесува за развој на личноста и претставата за себеси кај секој ученик и за подобрување на учењето. Интеракцијата на наставниците и нивните очекувања од учениците се во согласност со нивниот развој и учење. Наставникот во текот на денот често стапува во интеракција со секој ученик индивидуално, помагајќи му да стане посигурен и стимулирајќи го неговото учење и развој. Наставниците го поттикнуваат социјалниот развој на учениците помагајќи им да стапат во меѓусебна интеракција и преку заемно разбирање, поддршка и развивање на чувство на припадност во заедницата да ги достигнат развојните и воспитно-образовните цели. Наставниците подготвуваат активности за учениците преку кои тие треба да научат како да ги разликуваат чувствата, да ги препознаваат кај себе и кај своите другарчиња и да можат слободно да зборуваат за нив. На тој начин се воспоставува добра, стабилна и квалитетна интеракција и комуникација на релација ученик-ученик. Во наставниот процес се негуваат демократските вредности така што секој ученик е поттикнат да го изрази своето мислење на начин соодветен за

		неговата возраст и да учествува во донесувањето одлуки. Со тоа се создава позитивна и мотивирачка атмосфера во училницата во согласност со емотивните, социјалните, физичките и когнитивните потреби и способности на ученикот. За остварување на успешна итеракција во наставниот процес,наставниците користат разни форми, методи и средства преку кои се подобрува меѓусебната комуникација и социјализација и каде се почитува мислењето на секој поединец. Често, усвојувањето на нови знаења и содржини се остварува преку реализирање на проекти, игри, истражувања, преку кои наставникот ја поттикнува иницијативноста, самостојноста и потребата за лидерство кај учениците.Сите ученици се активно вклучени во наставата преку дискусија,поставување прашања, групни активности.Наставниците во таа непосредна интеракција со учениците, ја препознаваат нивната способност и знаења и ги мотивираат и поддржуваат за учество на разни натпревари и проекти. Во анкетниот прашалник за ученици што е спроведен во нашето училиште учествуваа 163 ученика.Резултати од извештајот на истиот се следниве: На тврдењето**:,, На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)“** најголем дел од учениците се согласуваат,односно 24% целосно се согласуваат,55 % се согласуваат,додека 14% од анкетираните ученици не се согласуваат,4% од нив целосно не се согласуваат а само 3 % незнаат или немаат таква информација. На твдрењето **,,Наставниците ја прават содржината од предметите интересна“** најголем дел од учениците(63%) се согласни дека содржината од предметите наставниците успеваат да ја направат интересна , но има и ученици кои не се согласуваат со ова тврдење(37%). На прашањето **„На најголем број од часовите, сите ученици сме активо вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи)“** најголем дел од испитаниците(68%) се согласува дека се активно вклучени во наставата,а останатите не се согласуваат или немаат таква

		информација. Со тврдењата **„Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари“** и **„Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти“**учениците во најголем дел се согласуваат дека постои голема поддршка од страна на наставниците кон учениците кога е во прашање учество на натпревари или вклученост во некои проекти. *Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Анета Јовановска*
	Реализација на образовна инклузија	Наставниците изработуваат годишни, тематски и дневни планирања согласно наставните програми. Во планирањата се вклучени стратегии за диференцирана настава и индивидуална поддршка на учениците со различни образовни потреби. Во наставата се користат разновидни методи, техники и ресурси. Учениците активно учествуваат преку проекти, истражувања, дискусии и тимска работа. Наставниците ја прилагодуваат наставата на индивидуалните способности и стилови на учење. Училиштето обезбедува поддршка за учениците со посебни образовни потреби преку индивидуални образовни планови, соработка со образовни асистенти и инклузивен тим. Се применуваат адаптации на наставните содржини, материјали и начини на оценување. Поголемиот дел од учениците се чувствуваат безбедно, прифатено и мотивирано. Се почитуваат различностите и се поттикнува взаемна поддршка меѓу учениците. Учениците се вклучени во спортски, културни, еколошки и хуманитарни активности. Учениците со попреченост рамноправно учествуваат во училишните активности. Училиштето континуирано работи на подобрување на квалитетот на наставата преку современи пристапи, инклузивни практики и активно учество на сите

		ученици. Наставниот кадар применува диференцирани методи на работа, а стручната служба обезбедува поддршка во процесот на идентификување и следење на образовните потреби на учениците. Посебно внимание се посветува на создавање средина во која секој ученик има можност да ги развива своите потенцијали. **Силни страни** Развиен инклузивен пристап во наставата. Добра соработка помеѓу наставниците, родителите и стручната служба. Активно учество на учениците во наставниот процес. Редовна примена на индивидуализирани активности. Позитивна училишна клима и прифаќање на различностите. **Слаби страни** Недоволен број асистивни средства. Потреба од дополнителни обуки за инклузивно образование. Ограничени просторни ресурси за индивидуална работа. **Приоритети за развој** 1. Набавка на современи наставни и асистивни помагала. 2. Континуирана професионална обука на наставниците. 3. Подобрување на пристапноста на училиштето. 4. Зајакнување на соработката со локалната заедница и родителите Самоевалуацијата е спроведена со учество на наставниците, стручната служба, родителите и учениците. Користени се анкети, интервјуа, увид во документација и набљудување на наставниот процес. Добиените резултати покажуваат дека училиштето успешно ги спроведува принципите на инклузивното образование и создава услови за квалитетно учење за сите ученици. *Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Тино Шаботиќ*

	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	Училиштето создава безбедна и инклузивна средина за сите ученици. Искажува позитивни перцепции и ставови за влијанието на реализираните активности за меѓуетничка интеграција . Позитивно ја вреднува и промовира родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност. Планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со партнер училиште за да обезбеди почитување, меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште и прифаќање на различностите. Создава позитивна и инклузивна училишна клима.Наставниците применуваат интеркултурен пристап во наставата. Се промовираат почитувањето , еднаквоста и толеранцијата. Учениците без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, учат да ја почитуваат сопствената, културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија. Учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, истражувачки проекти, заеднички воннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн. Целта е поголемо меѓусебно дружење, истражување, позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, градење чувства на толеранција и соживот. Секој одделенски раководител и сите предметни наставници во училиштето во склоп на предметот кој го предаваат планираат и реализираат интегрирани активности од МИО . Изготвуваат подготовки и сценарија за работилници. Фотографии , извештаи и записници од реализирани активности.Ученички трудови и презентации. Во училиштето континуирано се реализираат активности за Меѓуетничка интеграција во образованието, успешно ја промовира мултикултурноста и создава позитивна и инклузивна училишна клима. Активностите од меѓуетничка интеграција во образованието се реализирани во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“-Куманово. Добиен е проектот „Градење нови мостови“ со поддршка на OPSE.

		Овој проект има за цел градење инклузивни општества преку почитување, толеранција, дијалог и соработка создавајќи клима на меѓусебна доверба и разбирање. Реализирани се заеднички наставни часови со партнер училиштето ООУ„Бајрам Шабани-Куманово во период од септември до мај по 9 наставни часови со ученици од II-5, III-3, IV-4 и V-4 одделение. Одржани се заеднички наставни часови со ученици од II-5 одделение по предметот ликовно образование. Вклучени се вкупно 17 ученици: 7 машки и 10 женски ученици. Заеднички наставни часови со ученици од III-3 одделение по предметот ликовно образование. Вклучени се вкупно 30 ученици: 13 машки и 17 женски ученици. Заеднички наставни часови со ученици од IV-4 одделение по предметот англиски јазик. Вклучени се вкупно 15 ученици: 6 машки и 9 женски ученици. Заеднички наставни часови со ученици од V-4 одделение по предметот физичко образование. Вклучени се вкупно 21 ученици: 9 машки и 12 женски ученици. Добиен е грант од МОН за реализирање на ликовна секција и спортски активности. Ликовната секција е реализирана со ученици од IV-5 одделение и инклузирани ученици. Во месец март е организирана осмомартовска работилница, во април е реализирана работилница за изработка на маски и прошетка на градскиот плоштад и во јуни е реализирана ликовна активност слободно творење. Спортски активности се реализирани со ученици од IV-4 одделение и тоа две спортски активности. Во април се одржани игри без граници на спортското игралиште во училиштето и во мај спортски активности на атлетска стаза во Соколана. Секој наставник интегрира часови од МИО при реализација на наставните содржини. Од реализираните активности може да се заклучи дека училиштето создава позитивна и инклузивна средина во која се негуваат меѓуетничка соработка, еднаквоста и меѓусебно почитување. Учениците активно учествуваат во заеднички проекти , работилници и настани, при што развиваат толеранција , емпатија, почитување на различностите и вештини за соработка. Во прашалникот за родители околу прашањето дали нивното дете било вклучено во активности со други ученици кои говорат различен јазик, повеќето родители потврдно се изјасниле но има и дел од нив кои немаат

		информација дали е тоа така и дури не се слагаат со ова тврдење. **Силни страни** - Во Годишната програма се планираат и реализираат активности за меѓуетничка интеграција. Учениците учествуваат во заеднички работилници , проекти , приредби и други активости кои ја поттикнуваат соработката и почитување на различностите. Наставниците применуваат интеркултурен пристап и создаваааат позитивна и инклузивна училишна клима.Училиштето успешно соработува со родители, локална заедница, и партнер-училиште. **Слаби страни** -Потребно е зголемување на бројот на заеднички активности со партнер-училиште. Поголемо вклучување на родителите во активностите за меѓуетничка интеграција. Да се планираат и реализираат повеќе заеднички активности со ученици од различни етнички заедници. *Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Бранкица Лититарова*
Индикатор 1.3Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Изгледот на училниците;	Средина и атмосфера за учење	Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се

• Организацијата на просторот; • Уредени катчиња по наставни предмети ; • Паноа; • Ученички трудови изложени во холот на училиштето. • Анкетен прашалник • за родители		менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење Истражувањето е изработено врз основа на резултатите од самоевалуацијата на родителите и учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово за 2026 година. Гледиште острана на учениците. Според добиените резултати, учениците во најголем дел се чувствуваат безбедно во училиштето. Тие имаат можност слободно да го искажат своето мислење за време на наставата. Голем број ученици ги сметаат часовите за интересни и мотивирачки. Наставниците ги поттикнуваат да поставуваат прашања и активно да учествуваат во наставниот процес. Учениците имаат можност да избираат активности според своите интереси. Во училиштето постои позитивна комуникација помеѓу учениците и наставниците. Учениците чувствуваат дека се почитувани од наставниците. Тие најчесто се прифатени и од своите соученици. Во училиштето се промовираат еднакви можности за сите ученици. Учениците учествуваат во различни воннаставни активности. Тие имаат можност да соработуваат со ученици од различни етнички заедници. Во училиштето се организираат активности за превенција на насилство. Учениците добиваат поддршка кога се соочуваат со одредени проблеми. Наставниците редовно ги пофалуваат за постигнатите резултати и вложениот труд. Учениците добиваат насоки за поуспешно учење. Во училиштето се негува позитивна работна атмосфера. Учениците се мотивирани да учествуваат во донесување одлуки кои се од нивен интерес. Поголемиот дел од нив со задоволство доаѓаат на училиште. Сепак, дел од учениците сметаат дека дисциплината може дополнително да се подобри. Генерално, учениците го доживуваат училиштето како пријатна и поддржувачка средина за учење и развој. Гледиште на родителите Родителите во најголем дел го сметаат училиштето за безбедна средина за своите деца. Тие веруваат дека училиштето создава позитивна и мотивирачка

• Анкетен прашалник за ученици • Записници од Одделенски совет		атмосфера за учење. Повеќето родители сметаат дека нивните деца се почитувани од наставниците. Родителите исто така веруваат дека учениците се добро прифатени од своите соученици. Според нив, училиштето обезбедува еднакви услови за учење за сите ученици. Голем број родители сметаат дека во училиштето нема дискриминација по ниту една основа. Тие се запознаени со кодексот на однесување и неговата примена. Родителите најчесто добиваат информации за постигнувањата на своите деца. Тие имаат можност да разговараат со наставниците за успехот и напредокот на учениците. Наставниците редовно ги пофалуваат учениците за нивните резултати и труд. Родителите сметаат дека училиштето се грижи за добросостојбата на децата. Голем дел од нив веруваат дека се води грижа и за емоционалниот развој на учениците. Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство. Родителите сметаат дека постојат мерки за заштита од пушење, алкохол и дрога. Поголемиот дел од нив се задоволни од квалитетот на наставниот кадар. Родителите веруваат дека училиштето нуди различни воннаставни активности. Тие сметаат дека учениците добиваат поддршка при изборот на понатамошното образование. Дел од родителите имаат забелешки во однос на дисциплината во училиштето. Најголем број родители сметаат дека хигиената во училиштето треба дополнително да се подобри. Генерално, родителите имаат позитивна слика за училишната атмосфера и средина, но укажуваат и на одредени аспекти кои можат понатаму да се унапредат. Атмосферата помеѓу вработените Вработените во училиштето сметаат дека во училиштето владее пријатана атмосфера за работа. Тие се задоволни од комуникацијата, соработката, условите , рааководството во училиштето. Колегите се почитуваат, паомагаат, уважуваат и ценат во и надвор од училиштето. Професорите, стручните соработници, стручните едукатори како и помошниот персонал давват позитивна оценка и мислење за тоа во кој смер се движи учлиштето.

	Идентификување и задоволување на различни образовни потреби на учениците	*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Драган Стефановски* За да ја направиме самоевалуацијата функционална и инклузивна, најпрво мора да ги идентификуваме специфичните потреби на учениците, а потоа да понудиме соодветни, адаптирани стратегии за нивно задоволување. **1. Идентификување на различните образовни потреби** Учениците различно пристапуваат кон самокритиката и рефлексијата. Во праксата најчесто се соочуваме со неколку категории на ученици: **Визуелни и помали ученици:** Тешко се изразуваат со сложени зборови за тоа што го разбрале, но одлично реагираат на бои, симболи и слики. **Ученици со ниска самодоверба:** Склони се кон самокритика. Честопати го потценуваат својот труд и знаење и им е потребна структура која ги нагласува нивните силни страни. **Ученици со нереално висока самооценка:** Обично ги штиклираат сите полиња како „одлично совладано“ без подлабоко размислување, бидејќи брзаат или сакаат да им удоволат на наставникот и родителите. **Ученици со напредни логички и аналитички способности:** Бараат подлабоки прашања, сакаат да знаат зошто нешто згрешиле и како тоа се поврзува со претходното знаење. Како наставници, нашата улога е да им понудиме разновиден пристап каде секој ученик ќе најде начин да го изрази својот напредок.Во училиштето континуирано се следат и идентификуваат различните образовни потреби на учениците преку набљудување, разговори со учениците и родителите, анализа на постигањата, анкетирања и соработка со стручната служба. Наставниците ги препознаваат индивидуалните способности, интереси, потенцијали и тешкотии на учениците и ги планираат наставните активности согласно нивните потреби.

		За учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка се организира дополнителна, додатна и индивидуализирана настава, како и соодветни активности за развој на нивните знаења и вештини. Во наставниот процес се применуваат различни методи, форми и техники на работа кои овозможуваат активно учество на сите ученици и поттикнуваат инклузивна средина за учење. Училиштето соработува со родителите, стручните соработници и надворешните институции со цел навремено препознавање и соодветно задоволување на образовните потреби на учениците. Се создава позитивна и поддржувачка клима во која секој ученик има можност да ги развива своите потенцијали и да постигнува успех согласно своите способности. **Заклучок:** Училиштето успешно ги идентификува и задоволува различните образовни потреби на учениците преку индивидуализиран пристап, разновидни наставни активности и континуирана соработка со родителите и стручната служба, придонесувајќи за еднакви можности и квалитетно образование за сите ученици.
Индикатор 1.4Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Записници од стручни активи	Училишна политика за оценување	Оценувањето се врши според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето.. Поголем дел од предметните наставници посетуваат обуки за унапредување на оценувањето со запознавање на стандардите за оценување. Исто така Стручната служба се произнесе дека во процесот на оценување на учениците се користат

• Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, контролни и писмени работи, бодовни и чек листи) • Прашалници за наставници, родители иученици • Ученички портфолија • Увид во педагошка евиденција и документација • Инструмент за следење и вреднување на работа на наставникот за	Методи, форми и инструменти за оценување	предвидените методи и форми на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците со сите ученички портфолија за секој ученик. Од прво до трето одделение учениците се оценуваат описно, од четврто до шесто описно и бројчано само на крајот на учебната година, а од седмо до девето само бројчано. Што се однесува до учениците со ИОП континуирано се следат во текот на целата учебна година. Напредокот и постигнувањата на учениците исто така се следат во текот на цела година. За подобрување на квалитетот на воспитно образовниот процес постојана се зборува на стручните активи за позитивните и негативните страни во работата на наставниците. На стручните активи се усогласуваат критериуите за оценување и националните стандарди за постигнувања на учениците. Учениците и родителите редовно се информираат за постигнувања на самите ученици. Постигнувањата ги следат преку Е-дневник и Евидентни листови. Исто така за учество на разни натпревари од општинско до државно ниво како и за нивните наставници ментори. Наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците. Оценувањата на учениците се врши на два начина: Формативно оценување (континуиран процес на следење, проверување и вреднување на постигнувањата) и сумативно оценување (мерење на постигањата на уценикот на тромесечие на полугодие или на крајот на учебната година) Резултатите се користат за оформување на оценката. Оценувањето секогаш е праведно, јавно и транспарентно. Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба. Дека оценувањето на учениците е секогаш праведно и дека наставникот однапред им објаснува што треба да знаат за секоја оцена, потврдува и направената анкета од која може да видиме дека поголем број (292 ученика) 80.5% од испитаниците се сложуваат со оваа тврдење, а додека мал број 17.8% не се сложуваат. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето,а го оценува преку устни одговори,писмени работи,тестови на знаење, домашни работи на учениците,самостојни и групни проекти,активно учество на учениците на часот,степенот на развиено критичко мислење,

оценувањето на постигнувањата на учениците • Инструмент за следење на ученици со ИОП • Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава • Критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците и начин на проверка • Полугодишни и годишни анализи за		вклучување во дебати и дискусии,заинтересираноста,итн. Наставниците редовно известуваат за постигнувања на учениците и начините за нивно подобрување. За оваа дознаваме од направената анкета каде имаме најголем број или 80,1% се сложуваат, а само незначителен број 19,9% не се сложуваат. Што се однесува до редовните пофалби од страна на наставниците кон учениците тука имаме најголем број 49,8% од испитаниците кои се задоволни со работата на наставниците и односот на наставникот кон ученикот. Од анкетираните ученици во најголем број 93,5% сметаат дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата,а во незначителен број 5,5% не се согласуваат. Пак што се однесува до постгнувања на учениците на училиште родителите се навремено известени дури најголем број 92.8%, само незначителен број 7.85 % не се сложуваат. Од самата анкета може да заклучиме дека најголем број или точно 84.1% од испитаните ученици се сложуваат дека оценувањето е јавно и транспарентно и не се согласуваат 15,9% На учениците им даваат насоки како поуспешно да учат-„целосно се согласувам“=88,6% и „се согласувам“=11,4% -При оценување на учениците се применуваат различни начини на оценување-„целосно се согласувам“=72,7% и„се согласувам“=27,3% -Учениците редовно се вклучуваат во процесот на оценувањето- „целосно се согласувам“=61,4% и „се согласувам“=38,6% По секој наставен предмет оценувањето се врши врз основа на критериумите и стандардите за оценување изготвени од МОН. Проверка на знаењата се врши преку усни и писмени проверувања преку изработки и практични изведби во зависност од карактерот на наставниот предмет, чек листи, скала на проценка, листа за самооценување, наставно ливче, есејски прашања и друго. Задолжително се води евиденција во ученички портфолија, оделенски дневници и наставнички портфолија. Наставниците покажуваат желба за осовременување на наставниот процес и применуваат разновидни форми, методи и техники.

успех		Најголем број од часовите сите ученици активно се вклучени во наставата и процесот на оценувањето 61,4% каде што можат да поставуваат прашања, дискутираат и работат во групи, и 38,6 не се сложуваат. Во планирање на наставата сите наставници користат различни ресурси за учење и настава. Исто така најголм број се сложуваат дека учениците се потикнати самостојно да истражуваат и самостојно да ги решаваат сите проблеми дури 94 %. Што се однесува до примена на различни начини за оценување на учениците, наставниците зе изјаснуваат позитивно дека применуваат различни начини на оценување или најголем број целосно се согласувам 72,7% додека се согласувам 27,3%. Кај учениците со посебни потреби кои се инклузирани во редовна настава оценувањето се одвива според прилагодени критериуми и стандарди испланирани на почетокот на учебната година. **Силни страни** : Поголем дел од предметните наставници посетуваат обуки за унапредување на оценувањето со запознавање на стандардите за оценување, а со тоа се подобрува квалитетот на учење постојано. И на стручните активи се усогласуваат критериуите за оценување и националните стандарди за постигнувања на учениците. *Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Мартин Серафимовиќ*

• Правилник за оценување и напредување на учениците • Анкети со ученици и родители • Увид во педагошка евиденција и документација	Коефициент на континуитет на успехот на учениците	Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби..Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. ***Податоци од анкетирање во учебната 2024/2025 година:*** Од анкетираните ученици (292 ученика) ,во најголем број 80,5% се согласуваат дека **наставниците однапред им објаснуваат што треба да се знае за секоја оцена,**а во незначителен број 17,8% од анкетираните ученици не се согласуваат. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето,а го оценува преку устни одговори,писмени работи,тестови на знаење, домашни работи на учениците,самостојни и групни проекти,активно учество на учениците на часот,степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии,заинтересираноста,итн. Од анкетираните ученици во најголем број 93,5% сметаат дека **наставниците користат различни начини за проверка на знаењата,**а во незначителен број 5,5% не се согласуваат. **Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивниот напредок** и во најголем број 80,1% се соглауваат со тоа ,а во незначителен број 19,2% не се согласуваат.На прашањето дали **оценувањето на сите ученици е праведно** ,во поголем број 70,5% се согласуваат додека во незначителен број 29,1% не се согласуваат. Со инструменти за оценување континуирано се следи и оценува напредокот на учениците на ниво на Стручни активи и во соработка со Стручна служба. Коефициент на континуитет на успехот на учениците Учебна 2024/2025 година Одделение | VII одд. | VIII одд. | IX одд. Среден успех на полугодие | 4,18 | 3,93 | 4,01 Среден успех на крај | 4,38 | 4,20 | 4,40 Коефициент | **0,95** | **0,94** | **0,91** Учебна 2025/2026 година Одделние | VII одд. | VIII одд. | IX одд. Среден успех на полугодие | 4,08 | 4,01 | 3,95

Среден успех на крај	4,39	4,34	4,39
Коефициент	**0,93**	**0,92**	**0,90**

Коефициентот на континуитет на успехот на ниво на училиште од трите претходни последователни години,пресметан како однос на среден успех на училиштето на полугодието и на крајот е поголем од 0,9 што значи дека оценувањето е праведно.
Коефициентот на континуитет на успехот по предмети е прикажан во следните табели:

Учебна 2024/2025 година			
Наставни предмети	**VII одд.**		
	полугодие	крај	коефициент
Македонски јазик	3,35	3,79	0,88
Математика	2,99	3,15	0,95
Англиски јазик	4,04	4,33	0,93
Француски јазик	3,79	4,13	0,92
Италијански јазик	3,85	4,08	0,94
Ликовно образование	3,85	4,28	0,90
Музичко образование	3,91	4,30	0,91
Информатика	4,55	4,66	0,98
Географија	3,59	3,74	0,96
Историја	3,56	3,34	1,07
Етика	3,94	4,56	0,86
Биологија	3,39	3,64	0,93
Физичко и здравствено образование	5,00	5,00	1,00
Истражување на родниот крај	4,62	4,73	0,98
Наставни предмети	**VIII одд.**		
	полугодие	крај	коефициент
Македонски јазик	4,10	4,32	0,95
Математика	3,08	3,42	0,90
Англиски јазик	4,24	4,40	0,96

Германски јазик	3,57	4,00	0,89
Француски јазик	4,00	4,19	0,95
Италијански јазик	4,00	4,19	0,95
Ликовно образование	4,37	4,63	0,94
Музичко образование	4,30	4,48	0,96
Географија	3,66	4,07	0,90
Историја	3,48	3,68	0,95
Граѓанско образование	3,72	4,12	0,90
Биологија	3,77	3,95	0,95
Физика	3,03	3,36	0,90
Хемија	3,27	3,53	0,93
Физичко и здравствено образование	3,83	4,69	0,82
Проекти од информатика	4,63	4,48	1,03
Проекти од ликовно	4,59	4,40	1,04

Наставни предмети	**IX одд.**		
	полугодие	крај	коефициент
Македонски јазик	3,60	4,09	0,88
Математика	2,87	3,15	0,91
Англиски јазик	4,27	4,62	0,92
Германски јазик	3,40	4,05	0,84
Француски јазик	4,60	5,00	0,92
Италијански јазик	4,40	4,87	0,90
Ликовно образование	4,15	4,25	0,98
Музичко образование	4,27	4,05	1,05
Географија	3,33	3,57	0,93
Историја	3,39	3,87	0,88
Граѓанско образование	3,61	4,12	0,88
Биологија	3,56	3,97	0,90
Физика	3,51	3,94	0,89
Хемија	3,67	3,91	0,94
Иновации	4,12	4,07	1,01
Физичко и здравствено образование	4,84	4,97	0,97
Програмирање	4,03	4,53	0,89
Проекти од музичко	4,49	4,77	0,94

Проекти од информатика	3,93	3,93	1,00

Од табелите може да се забележи дека и оценувањето на учениците по предмети е праведно.

Учебна 2025/2026 година			
Наставни предмети	**VII одд.**		
	полугодие	крај	коефициент
Македонски јазик	3,79	4,24	**0,89**
Математика	3,12	3,44	**0,91**
Англиски јазик	4,30	4,48	**0,96**
Француски јазик	4,35	4,47	**0,97**
Германски јазик	3,63	4,02	**0,90**
Италијански јазик	4,27	4,30	**0,99**
Ликовно образование	4,34	4,59	**0,95**
Музичко образование	4,49	4,45	**1,01**
Информатика	4,68	4,76	**0,98**
Географија	3,68	4,03	**0,91**
Историја	3,81	4,11	**0,93**
Граѓанско образование	4,37	4,54	**0,96**
Биологија	3,15	3,60	**0,88**
Хемија	3,67	3,96	**0,93**
Физика	3,21	4,15	**0,77**
Физичко и здравствено образование	4,94	4,83	**1,02**
Слободен изборен предмет-1	4,81	4,82	**0,99**
Слободен изборен предмет-2	4,81	4,83	**0,99**
Наставни предмети	**VIII одд.**		
	полугодие	крај	коефициент
Македонски јазик	3,19	3,59	**0,89**
Математика	2,69	2,91	**0,92**
Англиски јазик	4,26	4,52	**0,94**
Германски јазик	/	/	**/**
Француски јазик	3,54	4,10	**0,86**
Италијански јазик	3,84	4,02	**0,96**

Ликовно образование	4,43	4,61	**0,96**
Музичко образование	4,16	4,37	**0,95**
Географија	3,45	3,77	**0,92**
Историја	2,98	3,21	**0,93**
Граѓанско образование	3,59	3,91	**0,92**
Биологија	3,30	3,64	**0,91**
Физика	2,78	3,12	**0,89**
Хемија	3,42	3,80	**0,90**
Физичко и здравствено образование	3,65	4,96	**0,74**
Проекти од информатика	4,72	4,84	**0,98**
Проекти од ликовно	5,00	4,92	**1,02**
Наставни предмети	**IX одд.**		
	полугодие	крај	коефициент
Македонски јазик	4,08	4,39	**0,93**
Математика	3,22	3,54	**0,91**
Англиски јазик	4,21	4,53	**0,93**
Германски јазик	3,40	3,60	**0,94**
Француски јазик	3,64	4,33	**0,84**
Италијански јазик	4,05	4,27	**0,95**
Ликовно образование	4,44	4,62	**0,96**
Музичко образование	4,16	4,40	**0,95**
Географија	3,73	3,97	**0,94**
Историја	3,37	3,78	**0,89**
Граѓанско образование	3,81	4,27	**0,89**
Биологија	3,85	4,14	**0,93**
Физика	3,33	3,59	**0,93**
Хемија	3,78	4,11	**0,92**
Иновации	3,90	4,19	**0,93**
Физичко и здравствено образование	4,46	4,66	**0,96**
Проекти од информатика	4,07	4,67	**0,87**
Програмирање	4,16	4,79	**0,87**
Проекти од музичко	/	4,50	

Од табелите може да се забележидека и оценувањето на учениците по предмети е праведно.

		Податоци од анкетирање во учебната 2025/2026 година: Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби..Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. **Од анкетираните наставници заклучено е дека**: -Учениците редовно се информирани од страна на наставниците во однос на прогресот на совладаните знаења-„целосно се согласувам“=84,1% и „се согласувам“=15,9% -На учениците им даваат насоки како поуспешно да учат-„целосно се согласувам“=88,6% и „се согласувам“=11,4% -При оценување на учениците се применуваат различни начини на оценување-„целосно се согласувам“=72,7% и„се согласувам“=27,3% -Учениците редовно се вклучуваат во процесот на оценувањето- „целосно се согласувам“=61,4% и „се согласувам“=38,6% **Од анкетираните родители заклучено е дека:** - Во најголем дел родителите „се согласни“ дека наставниците ги пофалуваат нивните деца за постигнатите резултати -49,8% - Поделени се мислењата околу тоа дали наставниците даваат насоки како подобро да се учи, но сепак најголемиот дел родители„ се согласни“ со ова тврдење-41,9% - Најголем дел од родителите сметаат дека се запознаени со критериумите за оценување од страна на наставниците- 46,1% **Од анкетираните ченици заклучено е дека:** - Учениците потврдуваат дека однапред добиваат информација од страна на наставниците која е количината и квалитетот на знаење која треба да ја

		поседуваат за секој оценка поединечно,„целосно се согласувам“=30,1% и „се согласувам“=48,5% - После секоја доделена оценка учениците имаат можност да добијат соодветно објаснување од страна на наставникот се слага најголемиот дел од испитаници,„целосно се согласувам“=25,8% и „се согласувам“=49,7% - Околу праведноста при оценувањето како и секогаш се водат дебати но дека оценувањето од страна на наставниците е праведно смета најголемиот дел ученици-65,7% - При проверка на знаењата од страна на наставниците се користат различни начини како усна проверка, тестови, наставни листови смета најголем дел од учениците- 94,5%. Информациите добиени од оценувањето,наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира идните чекори за нивниот напредок. Наставниот план и програма дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење. Наставниците ги препознаваат учениците кои потешко усвојуваат наставни содржини , дискутираат со учениците за нивните проблеми и ги вклучуваат во дополнителна настава .Ги препознаваат и учениците кои побрзо напредуваат и им предлагаат дополнителни наставни материјали, индивидуална настава или посебни програми за совладување на наставниот материјал, вклучувајќи ги во додатна настава. Постигнатите знаења учениците ги применуваат за учество на натпреварите . **Јаки страни:** • Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа. • Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози за подобрување на наставниот процес.

	Користење на информациите од оценувањето во наставата	*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска* *Член на училишен тим – Гордица Миленковска*
Индикатор 1.5Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Разговор со директорот • Разговор со ученици, наставници и	Обем и разновидност на планираните и реализиранит	Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој. Во Училиштето се организираат краткотрајни и долготрајни активности со цел учениците да ја развијат својата индивидуалност, да ја зајакнат својата самодоверба да станат самостојни,отворени, креативни и изградени личности. На ваков начин кај учениците се развива подобра комуникација и учениците се социјализираат

родители • Педагошка евиденција и документација • Годишна програма за работа на училиштето Полугодишен и годишен Извештај од работата на училиштето • Програма за дополнителна и додатна настава	е воннаставни активности	,толерантни сее дни кон други, кај нив се развива емпатија и чувство на припадност. Преку воннаставните активности кај учениците се поттикнува нивната креативност која резултира не само во подобрувањето во нивните постигања, туку и во нивните потенцијали во развивање на други вештини . Креативноста ја покажуваат и во многубројни учества на наградни конурси, натпревари, проекти, ликовни и литературни работилници во општината и надвор од неа , дури и на Меѓународно ниво, учество на Еразмус прокети. Во рамките на одделенската заедница секој наставник организира еднократни работилници – ОЖВ работилници, активности со МИО, општествено-хуманитарна работа, ЕКО акции, унапредување на здравјето на учениците. Редовно се организираат спортски активности во училиштето како Игри без граници , атлетика ,турири во пинг понг, тенис, ракомет, фудбал, кошарка, одбојка, пливање на ниво на нашето училиште како и во соработка со други училишта и други релевантни фактори. Се организираат и спортски зимски и летни школи со наставици каде до израз доаѓа и тандем настава со професор по физичко образование и одделенските наставници. Особено важна ја истакнувам оваа тандем настава која е од особено значење за правилен раст и развој на една личност . Во училиштето често се организираат и реализираат посети на институции од научно-истражувачи, едукативен и забавен карактеркако на пример : посета на музеј, кино, театар(посетени многубројни театарски претстави) ,приредби кои сами ги организираме по повод патронен празник на училиштето кадешто голем број на ученици земаат учество. Посети од истражувачки карактер како на пример Посета на локалитет Кокино, Опсерваторија Кокино, планинарење со искусни планинари во околината на градот и околните села пример: Студена Вода, Бислимска Клисура,Меморијално - рекреативен центар во Пелинце,) Учениците имаат богат избор на воннанставни активности и секој според свои интереси и желби избира активности. Во рамките на Училиштето се организираат активности, како што се маскенбали, приредби, организирање на масовни работилници – базари и саеми (посета на саем на книга во Скопје, и многубројни посети во Градската библиотека Тане Георгиевски од Куманово каде што учениците имаат можност да посетуваат и разни промоции на книги за деца каде што и самите

• Список на ученици вклучени во воннаставни активности • Освоени награди и пофалници на натпревари		се промотери на некои од детските книги напишани од домашни автори)) , Учества во натпревари во рецитирање на ниво на Општина Куманово ,учество на меѓународни проекти во текот на целата учебна година, учество на проект Промоција на безбедни училишта, учество на проект EU Code Week , учества на базари особено за празници и важни датуми пример :(3 Декември Базар наменет за деца со ПОП, Новогодишени работилници и избор на најубава украсена училнница , работилница за празникот на мајките). Редовно се изведуваат излети,еднодневни два пати годишно на почеток на учебната година во месец септември и на крајот од учебната година во месец јуни. Се изведуваат и екскурзии на ниво на генерации и Настава во природа во петто одделение со запазување на сите процедурални насоки за нивно успешно реализирање и со однапред изготвен план и програма.Секогаш на почеток на учебната година се прави наставен план и програма за реализавција на екскурзии . Во рамките на Училиштето и надвор од него (заедницата) се организираат и долготрајни воннаставни активности во вид на секции или клубови во ки членуваат голем број на наши ученици и постигнуваат врвни резултати од најразлични области . Според новата Концепција, слободите изборни предмети и слободни активности, во одделенска настава се во рамките на редовната настава, додека во предметна настава се јавуваат во форма на клубови и секции (СУА). Тековните реалзирани активности се истакнуваат на веб портал и фан страна на училиштето. Дел од воннаставните активните се реализираат во соработка со збратимени или партнер училишта на локално, државно и меѓународно ниво и преку Еразмус +. проекти повеќе невладини организации, здруженија на граѓани, Сите планирани активности се внесени во Годишна програма и за истите се изготвува извештај.
	Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на	Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор, желба и инатерес. Имаме хетерогени групи кои обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојано имаме вклучување на учениците со ПОП во воннаставните активности. Учениците учествуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за

	наставата со воннаставните активности	работа за воннаставните активности. Ученичкото организирање (Ученички парламент) во целост ги исполнува сите свои задачи и поттикнува соработка и покренува иницијативи за повеќе активности од општествено-хуманитарна важност меѓу кои посета на компании, организирани акции за рециклирање, собирни акции за помош во вид на храна и други активности. Учество на Еко модни ревии со рециклиран материјал. Промоција на училиштето преку учества на разни менифестации организирани од културните институции во градот каде што учениците се претставуваа во надобро издание со свои творби, рецитали и музички изведби.Преку воннаставни активности и ученичко организирање и во соработка и организација на Црвен Крст и други институции од сличен карактер, во третиот образовен период, се организираат општествено-хуманитарни-собирна акции (финансиска помош за социјално -ранлива категорија на семејства или здравствени проблеми (пари, храна, облека). Учениците се вклучија во проектот „Код за иднината – Центар за вештачка интелигенција и дигитални вештини“ со многу активности и вклученост на дванаесет одделенски наставници. Координатор на проектот е м-р Маја Поп Арсова. За сите активности учениците и нивните ментори земаа сертификати за учество а координаторот м-р Маја Поп Арсова се стекна со многубројни сертификати како и Европски сертификат EU Code Teacher Lider во Република Северна Македонија. Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност кои се прилагодени според индивидуалните потреби и можности на учениците. Во воннаставните активности се вклучени и учениците со ПОП.Исто така голем број на ученици е вклучени во Мултикултурализмот, проекти од таков карактер заедно со партнер училишта. Воннаставните активности кои се нудат во училиштето се изготвени според барањата на Новата концепцијата , а учениците се вклучуваат во нив по сопствена желба и интереси. Учениците се вклучија во проект организиран од ЈОУ - Библиотека „ Тане Георгиевски “ „Бајките како поттик за детската фантазија” , проект со финансиска поддршка од Општина Куманово, симболично одбележан на 2 Април , Светскиот ден на литературата за деца. Голема благодарност до директорката Марија Спасовска и вработените во ЈОУ - Библиотека „ Тане Георгиевски “ за поканата да бидеме учесници на овој прекрасен проект кој внесе голема радост и мотивација кај учениците за нивно учество и можноста за креативно
	Вклученост на учениците во изборот и во	

	планирањето на работата во воннаставните активности	изразување и литературно творење. Учениците посветено работеа на сите работилници и создаваа ликови од сказни со различни материјали и пишуваа сказни . Низ пет интерактивни интересни работилници учениците ја покажаа својата креативност , вештини и знаење . Учениците беа вклучени и во проект организиран од Дом за стари лица Зафир Сајто каде што учествуваа на 70 годишен Јубилеј на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ Куманово. Голем дел од наставниците планираат воннаставни активности а самиот избор на активности е направен според поширок спектар. Во училиштето се реализираат воннаставни активности со флексибилни програми и давање можност за измена на истите. Член на комисија -Јадранка Јосковска Член на тим – Маја Поп Арсова
• Освоени награди и пофалници на натпревари • Дипломи	Натпревари	Натпреварите во училиштата се важен дел од образовниот процес и придонесуваат за сеопфатен развој на учениците. Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации. Учениците учествуваат на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници како и во други активности од натпреварувачки карактер, и секогаш постигнуваат високи резултати. Учениците замаат учество на : - академски натпревари (натпревар по математика, физика, хемија, биологија, географија, јазици) при што се потикнува академски интерес и истражувачки дух; - културно-уметнички натпревари (ликовни конкурси, уметнички изложби, музички натпревари) кои придонесуваат за развој на уметнички таленти и културна свест; - спортски натпревари(меѓуучилишни турнири,регионални и државни првенства) кои помагаат за физичка активност и здрав начин на живот; - технолошки и иновативни натпревари (натпревари во програмирање, На овој начин кај учениците се развиваат разни вештини како лидерство, тимска работа, решавање проблеми и критичко размислување. Учениците се

		социјализираат и градат пријателства. Со учество на натпревари се зголемува мотивација кај учениците за учење, личен развој, зголемување на самодоверба и натпреварувачкиот дух на учениците. Често се откриваат и развиваат таленти и интереси кои можат да влијаат на идната кариера на учениците. Голем број на наставници планираат и реализираат училишни и подготвителни часови во текот на учебната година .Овие часови се поинтезивни пред натпревари како селекција за понатамошните натпреварувања на училишно, општинско, државно и повисоко ниво. Учениците јавно се пофалуваат на интернет страница на Училиштето, во медиуми (социјални мрежи и ТВ) и на крајот на учебната година на свечено роботика, иновации) кои поттикнуваат интерес за нови технологии и иновации доделување на пофалници и прогласување на истакнати ученици на паралелка и ученик на генерација. По завршување на секоја учебна година се прогласува ученик на паралелка и ученик на генерација во IX одделение. Анкетирани се вкупно 163 ученици . **Тврдење „Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)“** Учениците по однос на ова тврдење се изјасниле 16,6% целосно се согласуваат,40,5 %се согласуваат,20,2 % не се согласуваат,11 % целосно не се согласуваат и 14,7% немаат информации. **Тврдење:„Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари“** Учениците во најголем број се изјасниле дека добиваат поддршка од страна на наставниците,односно 23,9 целосно се согласуваат, 38,7 % се согласуваат,23,9 % не се согласуваат,7,4 % целосно не се согласуваат и 8% немаат информации. **Тврдење „ Планот за воннаставни активности го изготвувам заедно со учениците“** Наставниците во најголем дел се изјасниле дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците. Не сепак одреден дел од

наставници смета дека учениците не се вклучени во тој процес.Така наставниците по однос на ова тврдење се изјасниле дека 40,9% целосно се согласуваат,45,5 % се согласуваат, 13,6% не се согласуваат.

Тврдење „ Моето дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот интерес“

Родителите во најголем дел сметаат дека нивните деца се вклучени во воннаставни активности според сопствен интерес но одреден дел од нив сепак семтаат дека тоа не е така.Така од анкетирани 267 родители по однос на ова тврдење се изјасниле 14,2% целосно се согласуваат,45,7 %се согласуваат, 24 % не се согласуваат,6,4 % целосно не се согласуваат и 10,1% немаат информации.

Во учебната 2024/25 година учениците имаат освоено бројни пофалници,

дипломи и признанија.Освоени се вкупно 129 општински награди,од кои 36 први,46 втори и 47 трети награди.На регионално ниво освоени се вкупно 59 награди од кои 8 први, 22 втори и 29 трети награди.На државно ниво освоени се вкупно 30 награди од кои 9 први,7 втори и 14 трети награди.на ниво на училиштето освоени се вкупно 218 награди.

Наставни предмети	**Општински натпревари**			**Регионални натпревари**			**Државни натпревари**			**Меѓународни натпревари**		
	I	**II**	**III**	**I**	**II**	**III**	**I**	**II**	**III**	**I**	**II**	**III**
Македонски јазик	6	5	2									
Математика	1	4	7	1		3		1	1			
Италијански јазик	2	2	1	2	1							
Француски јазик					1							
Хемија	3			3				1				

Биологија	2	6	11		13	17	2		6			
Физика						1	1					
Природни науки	17	24	21	2	7	8	3	5	7			
Историја	1	1										
Ликовно образование		1					2					
Шах							1					
ФЗО	4	3	5									
Вкупно	**36**	**46**	**47**	**8**	**22**	**29**	**9**	**7**	**14**			

Во учебната 2025/26 година учениците имаат освоено бројни пофалници,дипломи и признанија.Освоени се вкупно 115 општински награди од кои 18 први,53 втори и 44 трети награди.на регионално ниво освоени се вкупно 107 награди од кои 24 први,44 втори и 39 трети награди.На ниво на училиштето освоени се се вкупно 262 награди за учебната 2025/26 година.Оваа учебна година во споредба со минатата освоени се значително поголем број на награди и признанија.

Подрачје 1:

Планирање, настава и учење

Наставни предмети	Општински натпревари			Регионални натпревари			Државни натпревари			Меѓународни натпревари		
	I	II	III	I	II	III	I	II	III	I	II	III
Македонски јазик							1	1				
Математика	3	7	5	5	5	3	2	2	2			
Англиски јазик	2	1	4	3	1	1			2			
Италијански јазик	2	4	3	1	2							
Француски јазик				1	1							
Хемија		8	3	2	2	2	1	1	1			
Биологија	3	19	14	6	16	14	4	1	4			
Природни науки	8	14	15	5	17	21	1	5	7			
Ликовно образование							1					
ФЗО				1			2	1	1			
Вкупно	**18**	**53**	**44**	**24**	**44**	**41**	**12**	**11**	**17**			

Член на комисија -Јадранка Јосковска

Член на тим – Гордана Јовановска

Опис/резиме на подрачјето

Самоевалуацијата покажува дека училиштето успешно ги реализира воспитно-образовните процеси во согласност со наставните планови и програми и стратешките насоки на Министерството за образование и наука. Наставниците континуирано ги планираат наставните активности, применуваат современи методи и форми на работа, користат разновидни ресурси и обезбедуваат поддршка за учениците согласно нивните индивидуални потреби. Големо внимание се посветува на инклузивното образование, меѓуетничката интеграција, развивањето на функционални знаења, критичкото размислување и активно учество на учениците во наставниот процес.

Анкетните прашалници покажуваат високо ниво на задоволство кај наставниците, учениците и родителите во однос на квалитетот на наставата, професионалната поддршка, училишната клима и можностите за активно учество во наставните и воннаставните активности.

Истовремено, резултатите укажуваат дека е потребно понатамошно унапредување на наставната практика преку збогатување на современите наставни ресурси, зголемување на примената на интерактивни и истражувачки методи кај сите ученици, проширување на инклузивната поддршка и поголемо вклучување на родителите и локалната заедница во воспитно-образовниот процес.

Силни страни

Квалитетно и навремено планирање на наставата во согласност со наставните програми.

Високо ниво на соработка меѓу наставниците, стручната служба и раководниот тим.

Примена на современи методи, диференцирана и индивидуализирана настава.

Добро развиен инклузивен пристап и континуирана поддршка на учениците со посебни образовни потреби.

Голем број успешно реализирани проекти, работилници, натпревари и воннаставни активности.

Развиена позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна клима.

Успешна реализација на активности за меѓуетничка интеграција и градење култура на соживот.

Висока мотивираност на наставниот кадар за професионален развој и тимска работа.

Слаби страни

Потреба од дополнително опремување со современи наставни и асистивни средства.

Ограничени просторни услови за индивидуална и инклузивна работа со учениците.

Потреба од континуирани обуки за современи наставни стратегии, дигитални алатки и инклузивни практики.

Поголемо вклучување на родителите во реализацијата на училишните активности.

Зголемување на бројот на заеднички активности со партнер-училишта и локалната заедница.

Поголема примена на истражувачка, проектна и искуствена настава кај сите ученици.

Континуирано подобрување на наставните ресурси и дигиталната опременост.

Приоритети

Унапредување на квалитетот на наставниот процес преку поголема примена на современи, интерактивни, истражувачки и

дигитални методи на работа со учениците.

Зајакнување на инклузивните практики преку обезбедување дополнителни асистивни средства, наставни помагала и континуирана стручна поддршка за учениците со различни образовни потреби.

Континуиран професионален развој на наставниот кадар преку учество на обуки, семинари и размена на добри практики од областа на современата настава, оценувањето и инклузивното образование.

Подобрување на материјално-техничките и просторните услови за реализација на современа, интерактивна и индивидуализирана настава.

Зголемување на активното учество на учениците преку проектна настава, истражувачки активности, воннаставни програми, натпревари и ученски иницијативи.

Продлабочување на соработката со родителите, локалната заедница и партнер-училиштата, со цел поголема поддршка на воспитно-образовниот процес и реализација на заеднички активности.

Унапредување на активностите за меѓуетничка интеграција и градење безбедна училишна средина, преку поголем број заеднички проекти, работилници и активности што ја поттикнуваат толеранцијата, почитувањето и соработката.

Подрачје 2: Постигања на учениците


Индикатори за подрачјето:
2.1 Постигања на учениците 2.2 Мерки за подобрување на постигањата
Собирање податоци


Индикатор 2.1 Постигања на учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Училишни програми и извештаи; • Самоевалуација; • Записници од стручните органи на училиштето; • Извештаи од стручната служба; • Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето; • Е-дневник; • Анализи на успехот на учениците; • Записници од Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совети;	Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди	Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик. Бројната состојба на учениците се движи од 1168 ученици во редовни паралелки и 28 ученици во посебни паралелки, значи вкупно 1196 ученика во учебната 2024/2025 година и 1153 ученика во 2025/2026 година, од кои 1131 во редовни и 22 ученка во посебни паралелки. Според етничката припадност, во учебната 2024/2025 година, најголем дел од вкупниот број ученици се Македонци 88,29%. Од друга етничка припадност во нашето училиште учат: Срби (5,94%), Роми (4,43%) и други националности (1,34%): Хрвати, Бошњаци и Турци во централното училиште, како и Албанци во посебни паралелки. Според етничката припадност, во учебната 2024/2025 година, најголем дел од вкупниот број ученици се Македонци 88,98%. Од друга етничка припадност во нашето училиште учат: Срби (5,63%), Роми (3,81%) и други националности (1,73%): Хрвати, Бошњаци и Турци во централното училиште, како и Албанци во посебни паралелки. На крајот на секој класификационен период се изработуваат табеларни прегледи за


• Табеларни прегледи по тримесечја и квалификациони периоди за постигањата на учениците; • Евидентни листови за постигањата на успехот на учениците; • Увид во педагошка евиденција и документација; • Покани за родителски состаноци за секој квалификационенпери од за постигањата на учениците; • Евиденција на индивидуални средби со родители во печатена форма и во е-дневник; • Распоред со термини		успехот на учениците по пол и етничка припадност. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети. Од анализите за успехот на учениците според пол, во учебната 2024/2025 година поголем процент одлични ученици се девојчињата со 33,16% од вкупниот број девојчиња, а 29,91% одлични ученици машки од вкупниот број машки. Во учебната 2025/2026 год. вкупно има 481 одличен ученик од кој 232 машки и 249 девојчиња, со што повторно се добива поголем број на одлични девојчиња одколку машки. Од анализите за успехот на учениците според етничката припадност, најголем дел од Македонците и Србите се со одличен успех, а кај Ромите преовладува добар успех. Постигањата на учениците од I-III одделение се оценети на три нивоа со описни оценки. Постигањата на учениците од IV до VI одделение се оценети со четири нивоа описни оценки, а на крајот од учебната година со бројчани оценки. Преовладуваат описни оценки од високо ниво. Постигањата на учениците во третиот образовен период се оценуваат со бројчани оценки. Со бројчани оценки се оценете учениците од VI одд. до IX одд., односно 769 ученика во учебната 2025/2026 год. Во последните две години поголем процент од учениците постигнале одличен успех. Според изготвените анализи, средниот успех на учениците во последните две учебни години може да се види дека: средниот успех на ниво на училиштето за 2024/2025 година изнесува

за консултации со родители.		4,48 и 4,29 а во учебната 2025/2026 година. Во однос на квалификационите периоди најдобри и највисоки резултати има постигнато во четвртото тримесечје или на крајот на учебната година. Во 2024/2025 година, средниот успех се движи од 3,71; 3,85; 3,85 до 4,48 на крајот на учебната година. Во 2025/2026 година, средниот успех се движи од 3,78; 4,24; 3,88 до 4,29 на крајот на учебната година. Сите овие податоци се достапни во форма на табеларни прегледи кои се предаваат за секој класификационен период од страна на одделенските раководители. Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот. Училишниот одбор ги разгледува извештаите за подобрување на постигањата на учениците од прво и второ полугодие. Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците редовно се внесуваат во електронскиот дневник на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи. Училиштето располага и со споредбена анализа на успехот, редовноста и поведението по класификациони периоди. Посебно се следат постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава.


		Училиштето промовира уверување (докази) дека учениците без разлика на етничката и верската припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности. Училиштето ги промовира еднаквите можности на сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати во рамките на изјавата од мисија и визија на училиштето кои се достапни и видливи за сите ученици, родители, наставници и поширокатa заедница. Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување. Исто така се поттикнува и преку реализацијата на дополнителната и додатната настава кои се реализираат според предходно изготвен распоред и според потребите на секој ученик и во корелација со одделенските и предметните наставници. Родителите имаат можност да го користат е-дневникот за да се информираат за успехот, постигањата и редовното посетување на наставата на нивните деца. Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на советодавен разговор или родителите се упатуваат на советување како законска регулатива. *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Жаклина Трајковиќ* *Член на училишен тим: Сандра Петринска*
• Извештај за државно	Резултати од	Училиштето зема активно учество во главно тестирање за државно


тестирање за петти одделенија по предметите мајчин јазик и математика; • Извештај за преттестирање за државно тестирање за трето одделение реализиран во четврто одделение за предметот мајчин јазик; • Извештај за ПИРЛС тестирање. • Извештаи од тестирање.	екстерни тестирања	тестирање за V -то одделение, спроведено од Државен испитен центар во 2024 година како едно од 120 училишта каде тестирањето се врши во дигитална форма по предметите мајчин јазик со подрачја: Читање со разбирање, Пишување и Јазик и комуникација и математика, во траење од 3 часа. За мајчин јазик и математика беа тестирани по 30 ученика. Беа тестирани по случаен избор од пет паралелки и тоа по 6 ученика од V-1, 6 ученика од V-2 од кои 1 е со посебни потреби, 7 ученика од V-3, 4 ученика од V- 4 и 7 ученика од V-5 одделение. Од нив двајца ученици се по националност Срби, а останатите тестирани ученици се по националност Македонци. Резултатите се доставени во училиште и истите се прикажани со графички и табеларен приказ . 


ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО V ОДДЕЛЕНИЕ 2025
ПОСТИГАЊА НА ДРЖАВНО НИВО
ИНТЕРАКТИВНА АНАЛИЗА: Резултатите и прикажите во анализата зависат од избраните филтри во комбинација, што се постигнува со кликови врз соодветни визуелни сегменти. Освен избор на извештајот како и неговата содржина, овозможено е подредување и рангирање со клик на насловите на колоните во табелите по растечки или паѓачки редослед. Анализата се состои од повеќе панели меѓу кои се преминува со клик на стрелките на дното на екранот. Прикажаните податоци и графикони се базираат на резултати добиени со обработка со Conquest и SPSS. Power BI е користен исклучиво за визуелна презентација. Кодот 3000 се користи за прикажување на просечни резултати на државно ниво (црвен столб во графиконите, односно црвена лабела во табелите) за компарација на резултатите по училишта.
Изберете подрачје на тестирање:
Математика
Мајчин јазик: Читање со разбирање
Мајчин јазик: Пишување
Мајчин јазик: Јазик и комуникација
ВКУПНО
199.79
Дистрибуција на постигањата според нивоа
Ниво Процент Резултат
1 37.10 198.42
2 39.35 200.06
3 23.56 201.50
Приказ на дистрибуција на постигањата според нивоа
Постигања според пол
Пол Процент Постигања
Женски 51.41 199.81
Машки 48.59 199.80
Приказ на постигања според пол
Постигања според јазик на наставата
Јазик Процент Постигања
Албански јазик 45.99 199.68
Македонски јазик 54.01 199.88
Приказ на постигања според јазик на наставата
Постигања според отсутност од настава
Ниво Процент Постигања
Најмалку еднаш на два месеци 22.65 199.30
Најмалку еднаш на две седмици 29.59 199.83
Никогаш или скоро никогаш 47.76 199.95
Приказ на нивоа на постигања според отсутност од настава
Приказ на постигања според прочитани книги
Ниво Процент Постигања
Повеќе од 10 книги 21.39 199.89
Од 6 до 10 книги 30.50 199.95
Од 1 до 5 книги 42.56 199.77
Ниту една книга 5.55 198.99
Приказ на нивоа на постигања според прочитани книги
Анализите ги подготвен тим во Државниот испитен центар: Бети Лимева, Симе Арсеновски и Драган Томовски
ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО V ОДДЕЛЕНИЕ 2025
ПОСТИГАЊА НА ДРЖАВНО НИВО
Табела на општите постиг
Код Постигања
3076 200.45
3081 200.36
3082 200.63
3083 199.87
3084 199.34
3086 198.46
3087 198.45
3088 199.03
3089 200.03
3090 199.74
3094 199.12
3095 199.47
3096 200.26
3101 199.91
3105 198.08
3108 199.42
Приказ на општите постигања
200.25
Код на училиште


ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО V ОДДЕЛЕНИЕ 2025
ПОСТИГАЊА НА ДРЖАВНО НИВО
ИНТЕРАКТИВНА АНАЛИЗА: Резултатите и прикажите во анализата зависат од избраните филтри во комбинација, што се постигнува со кликови врз соодветни визуелни сегменти. Секој избор на извештајот како и неговата содржина, овозможено е подредување и рангирање со клик на насловите на колоните во табелите по растечки или паѓачки редослед. Анализата се состои од повеќе панели меѓу кои се преминува со клик на стрелките на дното на екранот. Прикажаните податоци и графикони се базираат на резултати добиени со обработка со Conquest и SPSS. Power BI е користен исклучиво за визуелна презентација. Кодот 3000 се користи за прикажување на просечни резултати на државно ниво (црвен столб во графиконите, односно црвена лабела во табелите) за компарација на резултатите по училишта.
Изберете подрачје на тестирање:
Математика
Мајчин јазик: Читање со разбирање
Мајчин јазик: Пишување
Мајчин јазик: Јазик и комуникација
Табела на општите постигања
Код
Постигања
3086 199,62
3087 199,45
3088 200,19
3089 201,54
3090 200,32
3094 199,33
3095 199,28
3096 201,17
3101 200,64
3105 198,87
3108 200,68
3109 200,19
3111 199,56
3112 198,91
3113 200,59
3114 199,58
Приказ на општите постигања
202,00
200,00
198,00
196,00
194,00
192,00
190,00
201,17
3288 3274 3266 3168 3278 3070 3169 3081 3307 3068 3136 3096 3019 3265 3028 3163 3029 3283 3207 3246 3123 3128
Код на училиште


Постигања според пол
Пол
Процент
Постигања
Женски 53,33 198,38
Машки 46,67 197,56
Приказ на постигања според пол
198,38
197,56
Женски
Машки
Приказ на постигања според прочитани книги
Ниво
Процент
Постигања
Нету една книга 6,67 195,60
Од 1 до 5 книги 43,33 197,89
Од 6 до 10 книги 23,33 198,58
Приказ на нивоа на постигања според прочитани книги
6,67%
23,33%
43,33%
26,67%
Ниво
Од 1 до 5 книги
Повеќе од 10 книги
Од 6 до 10 книги
Нету една книга





Целта на оваа студија овозможува следење и споредба на

		постигањата и напредокот на учениците по конкретни предмети, проверка на постигнати стандарди и мотивација за напредување и нивно целосно усвојување. Училиштето во учебна 2024/25година учествуваше во преттестирање за државно тестирање за III -то одделение во IV одделение кое беше реализирано на 9 Октомври за математика и 15 Октомври за мајчин јазик. Нашето училиште беше тестирано само за македонски јазик. Во оваа тестирање беа тестирани 29 ученика од IV -1одд., 19 ученика од IV - 2, 29 ученика од IV - 3 и 28 ученика од IV - 4 одделение. Од нив 6 се Срби, 3 се Роми , а останати тестирани ученици се Македонци. Во учебна 2025/2026 година во месец април и тоа 23.IV 2026 година училиштето зема активно учество во ПИРЛС тестирање во кое беа опфатени две паралелки од IV одделение и тоа 27 ученика од IV - 1 и 29 ученика од IV – 4 одделение. Од нив двајца се Срби, еден е Ром и сите останати тестинари ученици се по националност Македонци . *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Елена Паскалова* *Член на училишен тим: Христина Кеовска*
• Програма за ученици со посебни потреби; • Програма за	Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето,	Учениците со тешкотии во најголем дел се идентификуваат при упис во прво одделение од страна на педагошко-психолошката служба или врз основа на доставена медицинска документација, како и во текот на школувањето. Идентификацијата на учениците со потешкотии во

талентирани ученици; • Медицинска документација на ученици; • ИОП; • Анкети со наставници.	на надарените ученици и на учениците со попреченост	учењето ја вршат наставниците, а дидактички упатства и насоки за работа со нив добиваат од стручната служба. Во текот на школувањето одделенскиот раководител, предметните наставници и тимот за инклузија ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби. Идентификација се врши со опсервација од инклузивниот тим и наставниците, следење на напредокот и разговори сородители. Во учебната 2024/2025г. во редовна настава 13 ученици се инклузирани со мислење од МКФ (9 ученка во одделенска настава и 4 ученика во предметна настава). Една ученичка работи по модифицирана програма и 12 ученици работат по ИОП. Во учебната 2025/2026 год. во редовна настава 16 ученици се инклузирани со мислење од МКФ (11 ученка во одделенска настава и 5 ученика во предметна настава).Четири ученици работат по модифицирана програма и 12 ученици работат по ИОП.Еден ученик работи во домашни услови.Во работата со инклузираните ученици вклучени се 8 образовни асистенти. Учениците со ПОП инклузирани во редовна настава имаат поддршка од тимот за инклузија во училиштето, дефектологот, логопедот и Центарот за поддршка на учење на ученици со ПОП , како и стручни соработници во училиштето. Сите наставници се обучени за изработка на ИОП и изработка на модифицирана програма. Училиштето располага со уреди од асистивна технологија и истата се користи во Центарот за поддршка на учење на ученици со ПОП и кај учениците од посебни

		паралелки кои се во состав на училиштето. Но инклузијата е процес кој трае и за кој е потребна континуирана едукација на наставниот кадар и за употреба на уредите од асистивна технологија. Училиштето соработува со основното училиште со ресурсен центар „Иднина “ - Скопје кое обезбедува образовни асистенти за поддршка на учениците со попреченост. За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал задолжително се изведува дополнителна настава. Додека учениците кои посебно се истакнуваат се упатуваат на додатна наставаи се подготвуваат за учество на натпревари. Во текот на целата учебна година училиштето организира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна наства за учениците кои покажуваат значителни резултати во одредени области. Наставниците по секој наставен предмет планираат, реализираат и евидентираат дополнителна и додатна настава во е - дневник. **Резултати од анкета со наставници:** Во анкетата се опфатени 44 испитаници. **Тврдење 1: Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето.** Поголем број од наставниците кои го одговориле прашалникот- целосно се согласуваат, мал број се согласуваат. Од што може да се заклучи дека процесот на идентификување на ученици со попреченост е успешно спроведен.

		Тврдење 2: Успевам да ги идентификувам надарените ученици Најголем број од наставниците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, незначителен број се согласуваат и незначител број испитаници не знам/немам информација. Од што може да се заклучи дека процесот на идентификување на талентирани ученици е успешно спроведен. *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Сандра Петринска* *Член на училишен тим: Анкица Каранфилова*
• Покани за индивидуални разговори со родители/старатели; • Програми за родителски состаноци; • Покани за родителски состаноци; • Список за присутност на родителски состаноци; • Записници од одржани родителски состаноци; • Педагошка евиденција	Известување на родителите/ старателите за постигањата на учениците	Известувањето на родителите/старателите, во учебните 2024-2025 и 2025-2026 учебна година , за постигањата на учениците во училиштето и во вонаставните активности во ООУ„Браќа Миладиновци”-Куманово, се врши на различни начини, методи и форми. Најчести известувања за постигањата родителите/старателите добиваат преку задолжителни родителски состаноци кои се одржуваат редовно после секој класификационен период. Во текот на годината има 5 задолжителни состаноци за успехот и напредокот на учениците и 1 состанок на почетокот на учебната година, каде родителите/старателите се информираат за настваната програма, наставниот кадар како и критериумите за оцнување и вреднување на постигањата на учениците, изготвени согласно напатствијата и програмите од БРО. Сите овие родителски состаноци се одржуваат согласно однапред изготвена прогрма за родителски состаноци од страна на одд. раководители. За секој состанок се изготвува записник во е-дневникот, како и во пишана

и документација; • Ученичко портфолио; • Наставничко портфолио; • Анкети со наставници; • Анкети со ученици; • Анкети со родители.		форма. Известувањето на родителите/старателите е евидентирано на посебни списоци за присутност на состанокот, кои ги изготвуваат одделенските наставници. Известувањето се врши и преку совет на родители, со табеларни прикази на постигањата на учениците од страна на педагошко-психолошка служба. Според потребите за согледувања на постигања на учениците се одржуваат и посебни (додатни) родителски состаноци спрема потребите на паралелката и истите се евидентират во е-дневник и во пишана форма. Известувањата се вршат и индивидуално со покана на родителот/старателот во училиштето, каде подетално се разговара и согледува постигањето на поедини ученици и во забелешка во е-дневникот и пишана форма се воведува датумот на остварената средба со родителот/старателот. Известувањето се врши и преку поединечни разговори со родителот и наставникот од било кој предмет согласно однапред направен распоред на почетокот на учебната година, за разговор со родители, кој е поставен на видно место во ходникот на училиштето и е достапен на сите ученици, родители, наставници. Известувањето може да биде и со телефонски разговори, on line состаноци, ФБ групи на социјалните мрежи, на фб страната на училиштето, пишани пораки, e-mail адреси, e-mail адреси од е-дневник. Постигањата може родителот редовно да ги следи во е-дневникот,

		преку секојдневно внесување на оценки, усно и писмено оценување, евидентни листови. Преку различни методи на суматив но и формативно оценување, наставни ливчиња, контролни тестови, тестови, писмени, истражувачки активности и сл.. Секој ученик го покажува своето оценување и својата изработка дома и родителот е должен со потпис да го потврди инфрмирањето за постигањата на учениците, каде наставникот добива повратна информација. Сите тие докази се собираат во ученичко портфолио кое стои кај наставникот и може да биде достапно на увид во секој момент за целокупниот напредок на ученикот на сите релевантни фактори во училиштето и на родителите /старателите. Известувањата се вршат често со формативни методи во фази на подучување, со секојдневно пратење на ученикот и внесување на оценките во тетратки кај наставниците, разни чек листи и други наставни материјали за оценување и самооценување. Известувањата се вршат и преку обрасците за додатна и дополнителна настава каде подетално се впишани активностите и напредокот на поедини ученици кои посетуваат оваков вид на настава. **Резултати од анкета со ученици:** Во анкетата се опфатени 163 испистаници од IV одд. до IX одд. од вкупно 763 ученика (од четврто одд. 25 ученика, од петто одд. 17 ученика, од шесто одд. 36 ученика, од седмо одд. 30 ученика, од VIII одд. 32 ученика и од IX одд. 24 ученика).

		Тврдење 1: Моите родители старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. Од опфатените испитаници оние кои го одговориле прашалникот, поголем број целосно се согласуваат или се согласуваат со оваа тврдење, незначителен дел од учениците не се согласуваат. Незначителен број на ученици целосно не се согласуваат и незначителен број ученици не знаат /немаат информација. **Резултати од анкета со родители:** Во анкетата се опфатени 265 родители/старатели на вкупно 1131 ученици од прво до деветто одделение. **Тврдење 2: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете.** Од опфатените испитаници оние кои го одговориле прашалникот, поголем број се согласуваат со ова тврдење. Мал број од родителите целосно се согласуваат. Незначителен број не се согласуваат. Незначителен број целосно не се согласуваат. Незначителен број на родители не знаат/немаат информација. **Резултати од анкета со наставници:** Во анкетата се опфатени 44 испитаници од 97 наставници без стручната служба. **Тврдење 3: Голем број на родители ја користат можноста да**

		разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет. Од опфатените испитаници оние кои го одговориле прашалникот, поголем број целосно се согласуваат со ова тврдење. Мал број од наставниците се согласуваат. Незначителен број не се согласуваат. Незначителен број целосно не се согласуваат. Незначителен број на родители не знаат/немаат информација. **Тврдење 4: На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.** Од опфатените испитаници оние кои го одговориле прашалникот, поголем број целосно се согласуваат со ова тврдење. Мал број од наставниците се согласуваат. Незначителен број не се согласуваат. Незначителен број целосно не се согласуваат. Незначителен број на родители не знаат/немаат информација. *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Бојан Дамњановски* *Член на училишен тим: Анита Милановска*
Индикатор 2.2Мерки за подобрување на постигањата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**

• Табеларни прегледи по класификациони периоди; • Е-дневник; • Полугодишни и годишни извештаи и анализи; • Записници од Наставнички совет; • Записници од полагање на одделенски испит; • Анкети со родители.	Редовност во наставата	Редовноста во наставата се следи во текот на целата учебна година. Одделенските раководители ги ажурираат изостаноците во електронскиот дневник на крајот на секоја седмица. За учениците кои нередовно ја посетуваат наставата се врши советување на родителите и учениците и се изрекуваат педагошки мерки. Учениците кои изостануваат 30% од наставата (се однесува на повратници од странство и ученици кои од здравствени причини изостануваат од настава), се упатуваат на полагање на одделенски испит. Во учебната 2024/2025 година нема ученици упатени на одделенски испит, додека во учебната 2025/2026 година 7 ученика полагаа одделенски испит и истите го завршија одделението. Во учебната 2024/2025 година вкупниот број на изостаноци изнесува 39694 или 33,98 изостаноци по ученик. Вкупниот број на неоправдани изостаноци изнесува 1400, или просечно по ученик 8,34 изостаноци. Во учебната 2025/2026 година вкупниот број на изостаноци изнесува 23579 или 20,84 изостаноци по ученик. Вкупниот број на неоправдани изостаноци изнесува 2292, или просечно по ученик 2,03 изостаноци. **Резултати од анкета со родители:** Во анкетата се опфатени 459 родители/старатели на вкупно 1246 ученици од прво до деветто одделение. **Тврдење 3: Континуирано сум информиран /а за редовноста на моето дете.**

		Поголем број од родителите кои го одговориле прашалникот се согласуваат, мал број целосно се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење. *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Соња Поповиќ*
• Покани за советување на родители/старатели; • Програма за советување на ученици и родители; • Записници од одржани советувања со родителите /старателите; • Известувања до • Центарот за социјални грижи и надлежен орган; • Записници од советувања на	Советување на родители/старатели и ученици	Советувањето на родители се врши според законот за основно образование и предходно изготвен план за советување изготвен од страна на психологот на училиштето, согласно Програмата за советување на ученици и родители. Родителите се повикуваат со архивирани и нумерирани покани. Советување на ученици се реализираат индивидуално и групно и се води записник и евиденција за присуство на истите. Училиштето реализира советување на родители/старатели по основ нередовно посетување на настава, намалување на успех и кога ученикот манифестира несоодветно (недолично) однесување, за истото се води уредна документација по класификациони периоди. Во учебната 2024-2025 година направени се единаесет советувања на родители по основ на нередовност и дваесет и четири по основ на намален успех. Додека во учебната 2025-2026 година седумнаесет советувања на родители по основ на нередовност и дваесет и пет по основ на намален успех.

ученици; • Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и Државен просветен инспекторат - ДПИ); • Анкети со родители.		Ученици кои отсуствуваат подолг временски период, односно 30% од наставата остануваат неоценети за тој временски период и се упатуваат на одделенски испит на крај на годината. Во учебната 2024-2025 година нема упатено ученици на одделенски испит, но еден ученик од второ одделение е задржан во исто одделение со одлука донесена на Наставнички совет. Во учебната 2025-2026 година седум ученици беа упатени на одделенски испит, еден од одделенска настава и шест ученика од предметна настава сите го положиле одделенскиот испит и го завршуваат одделението. Училиштето реализира индивидуално советување за несоодветно (недолично) однесување на учениците. Во учебната 2024-2025 год изречени се вкупно педесет и една педагошки мерки, од кои триесет и четири усни опомени, единаесет писмени опомени, три укора и на два ученика им е намалено поведение. Во 2025-2026 година изречени се вкупно педесет и осум педагошки мерки од кои триесет и осум усни опомени, четиринаесет писмени опомени, четири укора, еден ученик е преместен во друга паралелка и на еден ученик му е намалено поведение. **Резултати од анкета со родители:** Од анкетирани родители по случаен избор за: **Тврдење 2: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесување на моето дете**. Поголем број од родителите се согласувам со оваа тврдење, а

		незначителен број целосно се согласуваат со оваа тврдење, не се согласуваат со оваа тврдење, целосно не се согласувам со оваа тврдење и не знаат или немаат информации за оваа тврдење. За извршените советувања со родители/старатели и ученици редовно се известуваат надлежните институции, преку пополнување и испраќање на соодветен формулар. *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Оливера М. Ѓорѓиевска* *Член на училишен тим: Соња Поповиќ*
• Педагошка евиденција и документација; • Обрасци за дополнителна и додатна настава; • Распоред за дополнителна настава; • Програми за дополнителна настава; • Табеларни прегледи на полугодие и на крајот на учебната година; • Известувања и	Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава	Наставниците изготвуваат годишен план за реализација на дополнителна настава, а училиштето на месечно ниво, изготвува распоред за дополнителна настава за учениците од седмо, осмо и деветто одделение и го истакнува на огласна табла во училиштето. Останатите одделенија кои следат настава по новата Концепција за основно образование, дополнителна настава изведуваат во рамките на пет часовен престој во училиштето. Наставниците водат евиденција и користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. **Резултати од анкета со ученици:** Во анкетата се опфатени испитаници од 4 одд.до 9 одд. по случаен избор. Анкетирани се вкупно 168 ученици по случаен избор. **Тврдење 2: Наставниците постојано ме поттикнуваат на**

согласности од родители; • Анкети со ученици; • Анкети со родители.		**подобрување на мојот успех**. Мал број од учениците кои го одговориле прашалникот се согласуваат со оваа тврдење, незначителен број од учениците целосно се согласуваат, не се согласуваат, целосно не се согласуваат, не знаат немаат информации за оваа тврдење. **Тврдење 3: Доколку не можам да го совладам материјалот,на мое барање наставниците ми организираат дополнителна настава**. Мал број се согласуваат, а незначителен број целосно се согласуваат, не се согласуваат, целосно не се согласуваат, не знаат немаат информации за оваа тврдење. **Тведење 4: Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми разјаснат на различни начини**. Мал број се согласуваат а незначителен број целосно се согласуваат, не се согласуваат, целосно не се согласуваати не знаат, немаат информации за оваа тврдење. **Тврдење 5: Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите,наставниците ми нудат додатни часови**. Мал број се согласуваат, не се согласуваат а незначителен број целосно се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат, немаат информација за оваа тврдење. **Резултати од анкета со родители:** Во анкетата се опфатени родители/старатели на ученици од прво до

		деветто одд.по случаен избор. Анкетирани се 269 родители/старатели по случаен избор. **Тврдење 4: На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава,доколку има потреба**. Мал број од нив се согласуваат со оваа тврдење а незначителен број целосно се согласуваат, не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат, немаат информации за оваа тврдење. *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска* *Член на училишен тим: Анита Милановска* *Член на училишен тим: Светлана Насковска*

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот.

Училиштето редовно учествува во спроведување на екстерни тестирања на државно ниво, по одделни наставни предмети и континуирано го следи напредокот, усвоеноста на стандардите, по одделни наставни предмети, во различни временски периоди и истите ги споредува.

Преку следење на напредокот на учениците, набљудување и проценка од страна на наставниците и стручнатата служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето. Идентификацијата на надарените ученици се врши добро иако училиштето не располага со психодијагностички инструменти за целосно потврдување на откриената надареност на учениците.

Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства.

Во училиштето редовноста на учениците се следи во текот на целата учебна година. Редовноста одделенските раководители ја ажурираат во електронски дневник. Истата се анализира по класификациони периоди. Родителите чии деца имаат голем број на изостаноци се упатуваат на советување. Учениците кои изостануваат од настава 30% се упатуваат на полагање на одделенски испит. Отсуството е поради болест и повратници од странство.

Семејството и училиштето се две клучни средини во кои се одвива животот на децата и младите. Вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание врз целокупниот развој, успехот и однесувањето на ученикот. Со советувањето се развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања.

Во училиштето наставниците изнаоѓаат начини преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава.

Силни страни

- Следењето и оценувањето на учениците е континуирано, објективно и во согласност со критериумите за оценување;

- Активно учество во државни тестирања се со цел подобрување на образовните политики и постигање на повисоки резултати на државно, локално и училишно ниво и активно учество во меѓународни тестирања, следење и споредување на постигањата на учениците во нашата земја со постигањата на учениците од другите земји во светот;
- Центарот за поддршка кој работи во состав на училиштето дава индивидуални третмани на сите ученици со ПОП во училиштето и во Североисточниот регион;
- Училиштето редовно и навремено ги известува родителите/старателите за постигањата на учениците во соработка со наставниците, стручната служба, директорот, Советот на родители и Училишниот одбор;
- Редовност на учениците во рамките на училиштето се следи во континуитет, на крај на секој класификационен период се изготвуваат анализи, но и наставниците уредно водат педагошка евиденција за редовност на учениците;
- Извршените советувања на родителите/старателите и учениците доведоа до надминување на актуелните потешкотии низ кои поминуваат учениците, подобрување на успехот, редовноста и однесувањето кај најголем дел од учениците;
- Наставниците вршат индивидуален пристап на учениците и ја прилагодуваат наставата според нивните потреби, поттикнуваат критичко размислување и активно учество, користат разновидни методи и активности за полесно совладување на наставните содржини со што создаваат позитивна и мотивирачка атмосфера за учење;

Слаби страни

- Редовност на ученици од ромска етничка припадност;
- Недоволна едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби кои работат по модифицирана наставна програма.

Приоритети


- Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби кои работат по модифицирана наставна програма.

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

Резултати од анкета со наставници


<u>Подрачје- Постигање на учениците</u>

Слика 22. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии, на надарените и со попреченост. (Тврдење 1)




Што се однесува до идентификување на учениците со потешкотии наставниците се сложуваат дека тој процес е успешно спроведуван од нивна страна.

Слика 23. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии, на надарените и со попреченост. (Тврдење 2)




Најголемиот број наставници смета дека успешно ги идентификува надарените ученици.

Слика 24. Известување на родители/старатели за постигањата на учениците. (Тврдење 3)



Најголемиотт број наставници смета дека голем број родители ја корисат можноста да разговараат за постигањата на своите деца со наставникот. Но сепак има наставници (3 наставника) кои не се сложуваат со оваа тврдење.

Слика 25. Известување на родители/старатели за постигањата на учениците. (Тврдење 4)




Наставниците во најголем дел сметаат дека даваат јасни насоки на родителите во однос на тоа како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.

Резултати од анкета со родители / старатели


Подрачје- Постигање на учениците

Слика19. Известување на родители/старатели за постигањата на учениците. (Тврдење 1)




За подобрување на успехот на нивното дете добиваат добри совети од страна на училиштето се согласни најголем дел од родителите.

Слика 20. Советување на родители/старатели и ученици. (Тврдење 2)



Од училиштето се добиваат добри совети за подобрување на однесувањето согласни во најголем дел се родителите.

Слика 21. Редовност во настава. (Тврдење 3)



Родителите континуирано добиваат информација за редовноста во наставата од страна на нивното дете.

Слика 22. Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава. (Тврдење 4)




Доколку има потреба на учениците им е овозможено да посетува допонителна и додатна настава смета најголемиот дел од родителите.

Резултати од анкета со ученици


<u>Подрачје – Постигање на ученици</u>

Слика 22. Известување на родители/старатели за постигањата на учениците. (Тврдење 1)



Родителите добиваат редовно известување за напредокот на ученците .

Слика 23. Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава. (Тврдење 2)




Учениците добиваат постојан поттик од страна на наставниците за да го подобрат својот успех смета најголем дел од нив. Одреден дел од испитаниците сепак смета дека тоа не е случај.

Слика 24. Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава. (Тврдење 3)




Дополнителна настава се организира на барање на учениците смета најголем дел од испитаниците. Но сепак голем дел од учениците се изјасниле дека тоа не е случај и не се согласни со ова тврдење.

Слика 25. Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава. (Тврдење 4)



Доколку нешто од материјалот не им е јасно наставниците се трудат дополнително да го разјаснат сметаат учениците во најголем број.

Слика 26. Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава. (Тврдење 5)



Поделени се мислењата на учениците околу прашањето дали доколку имаат потреба наставниците им овозможуваат дополнителна настава.

Подрачје3:Училишна клима и односивоучилиштето

Индикатори за подрачјето:
3.1 Училишна клима **3.2** Еднаквост и правичност **3.3** Партнерски однос со заедницата **3.4** Севкупна грижа за учениците

Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето

Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Извештаи од реализирани акции; • Фотографии; • Куќен ред на	Углед/имиџ на училиштето	ООУ „Браќа Миладиновци“ претставува пријатна, мотивирачка и позитивна средина за работа и учење, во која учениците и вработените активно придонесуваат за успехот и угледот на училиштето. Вработените и учениците чувствуваат припадност кон училиштето, активно учествуваат во неговиот развој и придонесуваат

училиштето; • Еко програма; • Конкурси за ученици и наставници; • Сертификати, пофалници		за неговата афирмација преку наставните и воннаставните активности. Училиштето ужива углед во локалната заедница и пошироко, благодарение на стручниот наставен кадар, квалитетната образовна работа и континуираните успеси на учениците. Учениците редовно се истакнуваат на општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат значајни резултати и освојуваат бројни признанија. Тие активно се вклучуваат и во различни конкурси, културни настани и манифестации, при што нивната креативност и знаење се наградуваат со дипломи, сертификати и пофалници. Наставниците и учениците се дел од меѓународни образовни иницијативи, меѓу кои и програмата Erasmus+, преку која стекнуваат нови искуства, знаења и вештини. Покрај тоа, во училиштето се реализираат бројни проекти поддржани од Министерство за образование и наука и други институции и организации. Посебно внимание се посветува на зачувувањето и унапредувањето на животната средина. Учениците и наставниците заеднички учествуваат во еколошки акции, активности за разубавување на училишниот простор и одржување на чиста и здрава средина. Училишниот двор, ходниците и заедничките простории се збогатени со зеленило, ученички творби и изложени награди кои сведочат за успесите на училиштето. Во рамките на воннаставните активности се организираат и

		планинарски активности во кои учествуваат ученици, родители и наставници, во соработка со ЗПЗП Козјак 2013. На овој начин се поттикнуваат здравите животни навики, дружењето и тимската работа. Училиштето континуирано работи на одржување на функционален и уреден простор преку организирање акции за собирање отпадна хартија и пластика, како и преку отстранување на непотребни и оштетени предмети. Дополнително, преку информативни содржини и едукативни пораки се развива свеста за важноста на чистата и здрава животна средина. Сите значајни активности, проекти и успеси на училиштето редовно се претставуваат пред јавноста преку медиумите, како и преку официјалната веб-страница и социјалните мрежи на училиштето, со што се зајакнува неговата препознатливост и углед. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска* *Член на училишен тим: Ивана Цветковски*
• Куќен ред на училиштето; • Кодекс на однесување на учениците;	Кодекс на однесување	Училиштето располага со усвоени кодекси за однесување кои ги опфаќаат сите структури во воспитно-образовниот процес: учениците, вработените (наставници, стручни соработници и технички персонал), како и родителите. Сите вработени имаат обврска доследно и одговорно да ги почитуваат правилата и

• Кодекс на однесување на вработените; • Процедури во случај на прекршување на • принципите и правилата; • Закон за основно образование; • Годишна програма на училиштето;		одредбите утврдени со кодексите. Според резултатите од спроведените анкети, најголем дел од наставниците изјавиле дека активно учествувале во процесот на изработка и ажурирање на кодексот за однесување и сметаат дека училиштето постапува соодветно во случаи на негово непочитување. **Куќниот ред** е јасно истакнат во сите училници, а учениците се редовно информирани за обврската да ги почитуваат утврдените правила. Од добиените резултати од ученичките анкети произлегува дека најголемиот број ученици се запознаени со последиците од непочитувањето на правилата и сметаат дека тие се применуваат еднакво кон сите. Исто така, учениците се информирани дека во случај на прекршување на принципите и правилата предвидени со правилникот, се спроведуваат соодветни постапки. За учениците кои не ги исполнуваат своите обврски и не се придржуваат кон правилата на однесување, се применуваат **педагошки мерки**, како што се: • усна опомена; • писмена опомена; • укор; • преместување во друга паралелка; • намалување на поведението. Училиштето и стручната служба редовно водат писмена

		документација за тековните состојби и преземените активности. Со цел навремено надминување на проблемските ситуации, сите чинители активно соработуваат преку организирање: • разговори; • состаноци; • работилници; • дебати. На тврдењето: **„Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето.“** Според добиените резултати од анкетата, најголемиот дел од родителите изјавиле дека се информирани и запознаени со содржината на кодексот на однесување, додека незначителен број родители навеле дека немаат доволно информации во врска со истиот. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска* *Член на училишен тим: Ивана Цветковски*
• Состаноци:(одделенски совет, Наставнички совет, Стручни активи);	Училишна клима	**Училишната клима** претставува целокупен амбиент во кој се реализира воспитно-образовниот процес и покрај материјално-техничките услови, ги опфаќа и меѓусебните односи меѓу сите директни и индиректни учесници во неговото спроведување.

• Работилници; • Дебати; • Педагошка евиденција и документација; • Записници на стручните служби; • Екскурзии • Извештај од анкета		Во училиштето е воспоставена професионална соработка меѓу вработените, проследена со позитивна, мотивирачка и поттикнувачка работна атмосфера. Раководниот и наставниот кадар имаат значајна улога во создавањето и одржувањето на ваквата средина, што се согледува преку нивниот однос кон учениците, колегите, родителите и посетителите на училиштето. Вработените континуирано ги поттикнуваат учениците да развиваат чувство на одговорност кон училиштето, како и меѓусебно почитување и грижа. Во училиштето се негува инклузивна средина во која сите ученици, независно од нивните способности, пол, етничка припадност, верска определба или социјално потекло, се чувствуваат безбедно, прифатено и рамноправно. Училиштето ги поседува основните обележја на позитивна и здрава училишна клима, и тоа: • создадена уредна, функционална и пријатна средина за работа; • воспоставен систем на вредности и механизми за препознавање и наградување на позитивното однесување; • обезбедена атмосфера на ред, дисциплина и меѓусебно почитување; • развиена конструктивна соработка со родителите; • поттикнување на развојот на позитивни ставови и

		професионални вредности кај вработените; • воспоставени процедури за донесување и спроведување на одлуки; • развиен систем на отворена, транспарентна и искрена комуникација. Родителите активно се мотивираат и се вклучуваат во различни активности и иницијативи што се реализираат во училиштето. На тврдењето**: „Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.“** Според резултатите од спроведените анкети, најголемиот број ученици изјавиле дека се чувствуваат прифатени и поддржани од своите соученици и наставници, како и дека со задоволство го посетуваат училиштето. Помал дел од испитаниците не се согласиле со овие тврдења или се изјасниле дека немаат доволно информации. На тврдењето: **„Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците.“** Резултатите од анкетирањето покажуваат дека најголем дел од родителите се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано во училишната средина, додека мал број родители не се согласуваат или немаат формирано став. На тврдењето: **„Реализирам работилници за запознавање**

		на родителите со правата и обврските на децата.“ Во однос на ова тврдење, најголемиот дел од наставниците потврдиле дека реализираат активности и работилници со цел информирање и запознавање на родителите со правата, одговорностите и обврските на учениците. На тврдењето: **„Соработуваме со колегите во училиштето.“** Најголемиот број наставници се изјасниле дека постои добра професионална соработка и позитивни меѓучовечки односи меѓу колегите во училиштето, додека незначителен дел од испитаниците не се согласуваат целосно со ова тврдење. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска* *Член на училишен тим: Ивана Цветковски*
• Кодексот на однесување; • Разговор со наставници,родители и ученици; • Индивидуални средби со родители; • Педагошката	Поведение и дисциплина во училиштето	Според расположливите податоци, најголемиот број ученици покажуваат примерно однесување и имаат примерно поведение, што укажува на задоволително ниво на училишна дисциплина и почитување на утврдените правила. Во училиштето е воспоставена позитивна работна атмосфера која придонесува за непречено реализирање на наставниот процес и за одржување на редот за време на наставата, одморите и воннаставните активности. Вработените континуирано го следат и насочуваат однесувањето на учениците во текот на целиот престој во

евиденција за изречени Педагошки мерки; • Куќен ред на училиштето • Распоред на дежурства за наставниците и технички персонал		училиштето – од нивниот прием, за време на наставните часови и одморите, па сè до нивното заминување. Со цел обезбедување безбедна, организирана и функционална училишна средина, воспоставен е систем на дежурства кој го реализираат наставниот кадар и техничкиот персонал. Во училиштето не се евидентирани случаи на закани, говор на омраза, навредливо однесување или други форми на несоодветна комуникација. Повремено се појавуваат изолирани конфликти меѓу учениците, но истите навремено се препознаваат и успешно се надминуваат преку соодветни воспитно-образовни постапки. Секое отстапување од утврдените правила на однесување и секое нарушување на дисциплината систематски се евидентира и се пријавува кај одделенскиот раководител, а доколку околностите го наложуваат тоа, понатамошно постапување презема и стручната служба. При утврдување на дисциплински прекршоци, училиштето доследно го применува интерниот акт за изрекување педагошки мерки, обезбедувајќи еднаков и транспарентен пристап во согласност со утврдените процедури и прописи. На тврдењето: **„Училиштето добро се справува со дисциплината”** Резултатите од спроведеното анкетирање покажуваат дека постојат различни ставови кај родителите во врска со успешноста на училиштето во одржувањето на дисциплината меѓу учениците. Иако најголемиот дел од анкетираните родители изразиле согласност дека

		училиштето соодветно се справува со дисциплинските прашања, одреден број сметаат дека постои потреба од дополнително унапредување на пристапите и мерките во оваа област. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска* *Член на училишен тим: Ивана Цветковски*
• Програма за работа на училишен парламент; • Записници од состаноци на училишен парламент; • Извештај за работана училишен парламент; • Извештај за согледувања за безбедност;	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Училиштето доследно го применува принципот на **демократско учество на учениците** во воспитно-образовниот процес и има воспоставен систем на ученичко организирање на сите нивоа – од одделенска до училишна заедница, во согласност со законските прописи и утврдените демократски процедури. Преку овие форми на организирање, учениците активно се вклучуваат во процесот на донесување одлуки за прашања што директно се однесуваат на нивните интереси и потреби. **Ученичката заедница** е составена од по двајца претставници од секоја паралелка, кои ги застапуваат ставовите и интересите на своите соученици. Изборот на раководството се реализира преку демократски изборен процес и гласање. Заедницата функционира врз основа на сопствена програма за работа, а нејзиното формирање традиционално се реализира кон крајот на месец септември или во почетокот на месец октомври. На состаноците на ученичката заедница се разгледуваат актуелни прашања и теми од значење за учениците, при што тие добиваат можност активно да учествуваат во

		креирањето на училишниот живот и развојот на демократските вредности. Во училиштето функционираат и **Ученички парламе**нт и **ученички правобранител**, кои се формирани и избрани согласно одредбите од Статутот на училиштето. Ученичкиот парламент е составен од претседателите на одделенските заедници, а изборот на претседател и заменик-претседател се реализира преку тајно гласање од страна на претставниците на паралелките. Парламентот своето работење го реализира врз основа на претходно усвоена програма за работа. Во периодот од 2024 до 2026 година, ученичките тела реализирале бројни активности насочени кон развој на демократската култура, граѓанската свест и активното учество на учениците, меѓу кои: • организирани посети на институции со цел запознавање со нивното функционирање; • активности и истражувања поврзани со антикорупциски содржини; • дискусии за актуелни и општествено значајни теми; • обработка на теми поврзани со улогата и придонесот на влијателни жени низ историјата, проследени со изработка на презентации;


		• дебати за подобрување на ученичкиот успех и факторите што влијаат врз мотивацијата за учење; • истражувачки активности поврзани со Конвенцијата за правата на детето; • реализација на работилници за детските права; • изработка на едукативни материјали (пароли, флаери и презентации); • пополнување анкетни прашалници; • активности за препознавање и превенција на врсничко насилство, како и подготовка на процедури за постапување во вакви ситуации; • реализација и на други активности во согласност со програмските цели. Училиштето има избрано ученички правобранител и заменик-правобранител преку тајно гласање на учениците од VI до IX одделение. Овие претставници се вклучени и во работата на Училишниот одбор, со што се обезбедува поголема застапеност на ученичкиот глас во процесите на донесување одлуки. Дополнителен придонес кон создавање безбедна и поддржувачка училишна средина дава училишниот тим за безбедност, кој редовно ги следи состојбите и на крајот од секој месец доставува извештај и согледувања до стручната служба за


		безбедносната состојба во секоја паралелка. На тврдењето: **„Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивен интерес.“** Резултатите од спроведеното анкетирање покажуваат дека сите наставници се согласуваат дека активно ги поттикнуваат учениците да учествуваат во процесите на одлучување и да го изразуваат своето мислење за прашања што директно ги засегаат. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска* *Член на училишен тим: Ивана Цветковски*
Индикатор3.2Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Извори на податоци**	**Извори на податоци**
• Тематски, процесни и дневни подготовки за животни вештини, граѓанско образование и воннаставни активности	Познавање и почитување направата на децата	Училиштето „Браќа Миладиновци“ покрај тоа што поседува квафалификуван наставен кадар има и пријатната, позитивна и мотивирачка средина за работа, како зауучениците така и за вработените. Во училиштето владее пријатна клима која во најголем дел е резултат на почитување на правата, принципите, кодексите на однесување кои се наведени во училишните правилници, но и исполнување на обврските од страна на вработените, учениците и родителите. Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата.


• Програми за Животни Вештини • Програма за Граѓанско Образование • Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности • Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права		Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во правилниците на училиштето се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко малтретирање и сл. Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст првин преку свечен прием на првачиња во Детска организација, потоа преку дел од наставните содржини на часот на одделенската заедница од програмата на животни вештини, на часовите по граѓанско образование како и на бројните воннаставните активности. Училиштето е инклузивно и сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) ги упатуваа да се грижат едниза други и за училиштето, преку работилници од ОЖВ, индивидуални и групни разговори со стручна служба и преку голем број на воннаствни активности. Секоја година со одбележување на Светски ден на детето и Меѓународен ден на лица со попреченост, училиштето организира активности преку кои ги поттикнува учениците да ги прифатат и почитуваат своите права и правата на различните од себе. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата, организира разни активности и базари во кои активно ги вклучува сите деца без разлика на нивните

• Извештаи од реализирани акции; • Интервјуа/анкети со ученици, наставници, родители и со стручни соработници, • Програма за работа на училишен парламент; • Записници од состаноци на училишен парламент; • Програма и правилник за работа на ученички парламент		можности и способности. Дел од наставниците учествуваат во реализација на разни проекти, работилници, трибини кои се однесуваат на почитување и заштита на правата на детето и потоа искуствата од истите ги имплементираат во секојдневната работа. Училиштето има демократско формирани **ученички заедници** во паралелки од третто до деветто одделение. Ученичката заедница учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Училиштето има формирано и **ученички парламент**. Парламентот го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Претседател и заменик претседател на ученички парламент се избрани со тајно гласање од вкупниот број од претставници на претседателите на заедниците напаралелките. Парламентот работи според програма за работа. Училиштето има и **ученички правобранител** и заменик правобранител кои се избрани со тајно гласање од учениците од VII до IX одделение. Правобранителот и неговиот заменик се членови на Училишниот одбор на училиштето. Во учебната 2022/2023 година за првпат нашиот училишен парламент зеде учество на детскиот парламент што го организира Собранието на Република Северна Македонија и Музејот на македонската борба за државност и самостојност. Исто така парламентот од нашето училиште зеде активност во сите


		хуманитарни и еко акции. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Емилија Николовска* *Член на училишен тим: Марија Клековска*
• Структурата на паралелките, табелари,годишна програма за работа и извештај од годишна програма за работа на училиште за учебна 2022/2023 година • Структурата на паралелките, табелари,годишна програма за работа и извештај од годишна програма за работа на	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Во учебната 2024/2025 година во училиштето има вкупно запишано 1196 ученика со вкупно 63 паралелки со хетероген состав. Од нив машки 621, а женски 575. Македонци 1055, Срби 71, Роми 53 и 16 други. Од нив Македонци се 548 машки и 508 женски, Срби 29 машки и 42 женски, Роми 37 машки и 16 женски и ученици од друга националност 7 машки и 9 женски. Во учебната 2025/2026 година во училиштето има вкупно запишано 1153 ученика со вкупно 62 паралелки со хетероген состав. Од нив машки 600, а женски 553. Македонци 1024, Срби 65, Роми 44 и други 20. Од нив Македонци 530 машки и 494 женски, Срби 29 машки и 36 женски, Роми машки 31 и женски 13 и ученици од друга националност 10 машки и 10 женски. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено

училиште за учебна 2023/2024 година • Кодекс на ученици, наставници и родители • Тематски-процесни и дневни подготовки на наставницизa животни вештини, граѓанско образование и воннаставни активности • Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности • Годишен извештај		механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Ученик на генерација се избира од пријавени ученици според Критериум и процедура за избор на ученик на генерација . Спроведена е анкета во училиштето по случаен избор на: - 164 ученика од IV до IX одд., - 44 наставника и 267 родители/ старатели Сите последователни тврдења се од истата анкета.  На тврдењето **„Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици“** - учениците во најголем дел се чувствуваат прифатени од страна на своите соученици.


за работа на училиштето • Усни одговори од учениците добиени на одделенски часови • Критериум и процедура за избор на ученик на генерација • Извештај од интервјуа/ анкети со ученици, наставници, родители и со стручни соработници		 Учениците воедно во најголем дел се чувствуваат прифатено и од страна на наставниците.  Поделени се мислењата околу прашањето дали училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. Поголемиот дел од ученици се слага со ова тврдење но постои и голем дел испитаници кои сметаат дека тоа не е случај.




На тврдењето **„Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето“** како и другите, најголемиот дел од учениците сметаат дека има еднакви можности за учество во училишните активности, но сепак има и ученици (26 и 10) кои сметаат дека немаат еднакви можности како останатите ученици за учество во активностите во самото училиште.




Во одделението постојат правила кои се заеднички донесени и кои се почитуваат смета најголем дел од учениците. Одреден дел сепак не го дели тоа мислење.




На тврдењето **„Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиште“** - сите и во најголем број се запознаеени со последиците доколку не ги почитуваат правилата на однесување во училиштето смета најголем број од учениците.




Поделени се мислењата околу прашањето дали училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. Поголемиот дел од ученици се слага со ова тврдење, но постои и голем дел испитаници кои сметаат дека тоа не е случај.




Најголемиот дел од учениците смета дека има еднакви можности за учество во училишните активности, но сепак има и ученици (26 и 10) кои сметаат дека сепак немаат еднакви можности како останатите ученици за учество во активностите во самото училиште.




Учениците во најголем дел имаат информација каде треба да се обратат доколку дојде до прекршување на нивните права. Мал дел од нив не се согласуваат со ова тврдење.




Што се однесува до активности за правата на децата организирани од училиштето и учество на родителите најголемиот дел од испитаниците смета дека земаат учество, но сепак голем дел од родителите не се согласни со ова тврдење.




Условите за учење се еднакви за сите ученици се согласни најголемиот дел од родителите.




Најголемиот дел од родителите смета дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците. Но сепак значителен дел од нив смета дека тоа не е случај.



На тврдењето **„Реализирам работилници за запознавање на родители со правата и обврските на децата**“, најголемиот дел наставници се изјасниле дека реализираат работилници со родителите за запознавање со правата и обврските на децата, сепак одреден број од нив (5 наставника) не се слага со ова тврдење додека 3 од нив немаат доволно информација.



На тврдењето **„На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето“**, скоро едногласни се наставниците дека на учениците им укажуваат на различни механизми за заштита на нивните права.



Наставниците во најголем број се изјасниле дека реагираат соодветно на поплаките на учениците за нееднаков третман.

Член на училишна комисија:Емилија Кириловска

Член на училишен тим: Емилија Николовска

Член на училишен тим: Марија Клековска

Индикатор3.3Партнерски однос со заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Извештај за работата на училиштето (полугодишен, годишен). • Записници од Советот на родители и родителски средба	Соработка на училиштето со родителите / старателите	Од особена важност во нашето училиште е комуникацијата помеѓу родителите на учениците и самото училиште на сите нивоа. Од таа причина се посветува големо внимание на активната комуникација со родителите да се одвива непречено преку организирање на редовни, но по потреба и вонредни родителски средби, кои пак според природата на проблемот можат да бидат индивидуални и заеднички, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање и распоред за консултации со наставници. Советот на родители е препознаен како еднаков партнер во донесувањето на одлуките кои имаат влијание во подигањето на квалитетот во спроведувањето на воспитно - образовниот процес и функционира без никакви пречки. Навремено се споделуваат секој вид на информации со родителите на учениците. Се организираат голем број на работилници како и проекти. За подобрување на воспитно - образовниот процес во училиштето се прифаќаат и реализираат идеи на родители. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор врз снова на Статут за работа на Совет на родители. Информациите што се однесуваат на сите

		аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители (родителски средби, усни искажувања, анализи, евидентни листови итн.). Соработката со родителите се одвива преку одржани родителски состаноци, состаноци на Совет на родители, индивидуални родителски средби и поканување на манифестации во училиштето. Училиштето води сметка да излезе во пресрет на барањата на родителите и на тој начин покажува дека секогаш се доредојдени во училиштето на средби со наставниците, стручните соработници и Директорот. Родителите континуирано се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес, а пропишани се и задолжителни советувања. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачката атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со родителите и посетителите на училиштето. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Наталија Крстевска* *Член на училишен тим: Весна Лазаревска* *Член на училишен тим: Сузана Анастасовска*

• Интервјуа со Директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници. • Интернет страница на училиштето	Соработка со општината и со урбаната заедница	Училиштето има континуирана соработка со релевантните институции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од **МОН** и **БРО**. Соработката со **ДПИ** се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно - образовната работа во училиштето и педагошка евиденција и документација. Соработката на училиштето со **Градоначалникот и Советот на општината** се остварува преку членовите на Училишниот одбор кои се избрани од Советот на општината и преку Секторот за образование во општината. Соработката со **локалната самоуправа** се остварува преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Комуникацијата на училиштето со **јавните установи** се остварува преку проекти кои се значајни за подобрување за условите за работа на училиштето. Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствена и хуманитарна дејност и детските градинки во општината. Има комуникација со други образовни институции во РСМ и странство. Училиштето има своја веб страница. Во текот на годината учествува во одбележување на:

• Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставници на локалната заедница.		• Месецот на книгата во Градска библиотека; • Манифестации за одбележување на 11 Ноември - Ден на ослободување на Куманово; • Ликовни колонии; • Учество на сите активности и манифестации организирани од локалната средина; Организирани се повеќе акции како: • Прием на првачиња на почетокот на учебната година; • Одбележан Светски ден на бубрегот- со организирање на работилница и презентација од DIAVERUM од Куманово; • Одбелжување на Светскиот ден на учителот; • Присуство на „Шри Чинмој трка на мирот и единство" на градскиот плоштад и го понесоа факелот на мирот; • Одбележан е „Ден на водата" со посета на Филтер станица-ЈП Водовод; • Беше распишан литературен и ликовен конкурс и изведена е претстава на тема „Булинг“ од страна на ученици од училишен парламент. Организирана е дебата на тема „Конфликти и решавање на конфликти“; • Реализирана традиционалната манифестација, велосипедска трка по повод 11 Октомври – Ден на народното востание на

		македонскиот народ; • Одржана е ликовната работилница „Заедно за безбедно детство“ во соработка со СВР Куманово; • Одржана е првата работилница во рамки на проектот „Превенција од екстремизам и врсничко насилство” каде што учениците решаваа различни конфликти од секојдневието и ги искажуваа своите чувства во врска со истите; • Одбележан е 20 Ноември - Светски ден на детето со ученици од одделенска настава преку изготвување на ликовни изработки; • Одржана работилница од страна на народниот правобранител Гордана Тренчевска Ристовска со ученици членови на ученичкиот парламент и стручната служба во училиштето; • Учество во крводарителска акција; • Успешно реализирана традиционална манифестација „Детски семафор“; • Беше реализирана првата од двете планирани инклузивни работилници за ученици од ООУ„Христијан Карпош“, ООУ„Наим Фрашери“; • Организирани се велигденски работилници и натпревар за најкреативно велигденско јајце; Во соработка со **СВР** се одржани следниве активности :

		• Реализирана е Едукативна работилница на тема „Врсничко насилство меѓу децата во училиштата“ во соработка со претставници на Отсекот за превенција при СВР Куманово и на Општински совет за превенција на детско престапништво; • Се одбележа денот на Македонската револуционерна борба во просториите на Занаетчиски Дом Куманово организирано од Општина Куманово преку организирана изложба и проекција на филм на која присуствуваа и ученици од нашето училиште; • Во рамки на проектот „Безбедна училишна средина“ на 21 октомври се одржа првата работилница со учениците членови на ученичкиот парламент; • Патрониот празник на училиштето е одбележан 23 мај 2025 со свечена приредба под мото „Македонска ризница“, на 8 април 2026 со свечена приредба под мото „Музички караван на приказните“ • Делегација од нашето училиште присуствуваше на панел дискусија во рамките на националната кампања „Магијата е во знаењето“ организирана од страна на Министерството за образование и наука чиј домаќин беше Општина Куманово. • По повод на Недела на грижа на стари лица, ученици од петто одделение се вклучија во одбележување под мото „Сите сме Ваши деца“ со посета на Домот за стари лица „Зафир Сајто“-Куманово.

		• Ученици од петто одд учествуваа во проектот „Еко - едукативен центар за деца и млади“ реализиран од страна на Зелена градба Асоцијација Куманово. Во Божиќен базар под мотото „Рециклирај! Редуцирај! Подари!“ преку својата креативност и умешност ја промовираа важноста на одржливите навики и повторната употреба на материјали. Преку макетата „Еко град на иднината“ од рециклиран материјал ја пренесоа пораката за мотивираност и стремеж кон почист град; • Организирани се Креативни работилници по повод 20 Ноември – Светскиот ден на детето; • Учество на традиционалниот маскенбал „Батко Ѓорѓија“ во 2025 год. со групна маска „Печурки“ и во 2026 год. „Караван на приказните“; • Нашето училиште учествува секоја година на општински, регионални и државни натпревари по македонски јазик, математика, природни науки, англиски јазик, италијански јазик, биологија и физичко образование. **Реализирани проекти се**: 1. Гасификација во реонско училиште во Соколана финансиран и реализиран од UNDP/ North Macedonia од проектот ЕУ за чист воздух во вредност од 55,927,95 долари; 2. Реконструкција и поставување на нова енергетско ефикасна фасада на централна училишна зграда финансирано од UNDP,

		кралство Шведска и Општина Куманово во вредност од 140.000 долари во склоп на проектот „Справување со загадување на воздух“; 3. Целосна реконструкција на училишна зграда во село Пчиња финансирана од Општина Куманово во вредност од 8.283.600.00 денари. 4. Спортско рекреативно игралиште во дворот на училишната зграда „ Карпош “ за деца со посебни образовни потреби финансирано од општествено одговорни компании и индивидуи. 5. Проектот „Безбедни училишта“ е реализиран во соработка со СВР Куманово; 6. Проектот „Градење нови мостови“ е реализиран со поддршка на OPSE; 7. Проектот – Промоција на младински активизам во мултиетнички заедници е имплементиран од страна на Центарот за интеркултурен дијалог; 8. Проект „Превенција од насилен екстремизам и врсничко насилство” со поддршка на „Центарот за толеранција и доживотно учење“ од Скопје, одржани повеќе активности во нашето училиште. 9. Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се

• Статут на Училиштето • Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции		реализира од октомври 2024 година и е во траење од две години. Соработка со **средните училишта** се остварува преку презентација за промоција на истите, посета на средните училишта на отворени денови и прибирање податоци за постигања на нашите ученици во средно образование на ниво на град Куманово. На Статутот на училиштето за кој е дадено согласност со број 01-487/1 од 10.12.2019 година се прави Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот со број 01-269/1 од 17.06.2021 година со која во состав на Основното училиште работи Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост. Центарот за поддршка започнува со работа на 1.09.2022 год. Реализирана дисеминација за примена на „Протокол за споделување информации за деца со надмината возраст“, како дел од проектот „Инклузија на деца со ПОП“, во реализација на Општина Куманово. Училиштето има потпишано меморандуми и договори за соработка со повеќе јавни, приватни институции и НВО: ООУ„Толи Зордумис“, ООУ„Бајрам Шабани“, ООУ„Вера Которка“ - с.Клечовце, ООУ„Христијан Карпош“ - Куманово, Кошаркарска федерација на Северна Македонија, Црвен Крст на Република Северна Македонија, SecurityMKAgency -Прилеп, „Дрекс Л Мајер“, Спортски младински клуб „Динамик“, ДТТS „Магнум“, ДОО „Штип“, „Алфи Техноцентар“, НВО „Мајка“ - хуманитарно здружение, НВО – „ДРОМ“ безбедност при

• Документација за добиени спонзорства и донации		работа. Обезбедени се голем број на школски инвентар, помагала како и нагледни средства. Од МОН има обезбедено нагледни средства за опремување на кабинет по природни науки. Училиштето заедно со Општина Куманово имаше аплицирано до МОН за реконструкција на кров во централната зграда на училиштето. Реконструкцијата е завршена во февруари 2024 година и чинеше 15 000 000 денари. Донации се добиени од **Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците**“ во вид на нагледни средства за деца со посебни потреби и **Nova International School** ревија со реновирање на две работни простории и ходник во ООУ „Браќа Миладиновци", со кои на посебните паралелки ќе им овозможиме попријатно следење на наставата во чисти, нови и средени простории. Исто така, се набавени и средства потребни за изведување на часовите по физичко образование. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Наталија Крстевска* *Член на училишен тим: Весна Лазаревска* *Член на училишен тим: Сузана Анастасовска*
Индикатор3.4Севкупна грижа за учениците		

Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
• Годишна програма на училиштето • Педагошка евиденција и документација • Годишен извештај за работа на училишен парламент • Годишна програма за работа на педагог и психолог • Записници од советувања на ученици и родители • Извештај за работа на наставник ментор • Извештај од стручни активи	Превенција и заштита од насилство	Создавање на безбедна, поддржувачка и инклузивна средина представува еден од најважните приоритети на нашето училиште. Училиштето континуирано работи на развивање позитивна училишна клима во која секој ученик се чувствува прифатен, почитуван, сигурен и заштитен од сите форми на насислство, злоупотреба и дискримнација. Преку системско планирање, превентивни активности и навремено постапување, училиштето настојува да обезбеди безбедна и поттикнувачка средина за сите ученици, води грижа за превенција и заштита од насилство за своите ученици и тоа преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење и поттикнување на почитување на различностите. Училиштето има воспоставени јасни процедури и механизми за препознавање и постапување во случај на вербално, физичко, психичко, социјално и сајбер насилство. Постои Протокол за заштита на жртви на насилство кој е донесен врз основа на член 66 став 2 од Законот за основно образование донесен и кој е усвоен од Наставничкиот совет, Совет на родтиели и Училишен одбор. Во текот на учебната година се реализираат бројни активности насочени кон развивање на култура на почитување, толеранција и меѓусебна комуникација и соработка. На одделенските часови се обработуваат теми кои се поврзани со препознавање и превенција на врсничко насилство. Стручната служба континуирано ја следи

• Извештај и презентација од спроведено истржување на тема „ Врсничко насилство и комуникација помеѓу ученик, наставник и родител“ • Записници од наставнички совети • Записник од совет на родители • Записници од родителски средби • Протокол за заштита на жртви на насилство • Записник од училишен одбор • Извештаи од организирани		состојбата преку разговори и советувања на учениците, наставниците и родителие. Учениците се охрабруваат да ги пријават сите форми на недолично однесување и сите видови насилство, а пријавените случаи навремено и професионално се разгледуваат. Се изработуваат презентации кои се прикажуваат на совет на родители. Педагошко - психолошката служба води евиденција за појавени форми на насилство, постапува според протокол за превенција и заштита од насилство како и евиденција за направени разговори со родители и ученици. За секој ученик кој пријавил некаков вид на насилство се прави тим за поддршка, составен од одделенски наставник, педагог и психолог. Училиштето има уредна документација за соработка со МВР и СВР- Куманово и Центар за социјална работа доколку има потреба за таква соработка. Наставниците имаат клучна улога во создавање на безбедна и поддржувачка средина за учениците. Тие ги поттикнуваат учениците да развиваат вредности на толеранција, емпатија одговорност и ненасилно решавање на проблеми. Често посетуваат вебинари и предавањња на тема врсничко насилство со цел подобрување на сопствените компетенции за превенција на врсничко насилство. Активно соработуваат со стручната служба , родителите и раководниот тим на училиштето во идентификација и решавање на проблемите поврзани со врсничко насилство. Во случај кога ќе забележат или во случај на добиени информации постапуваат согласно утврдените процедури и протоколи, водејќи грижа за

предавања, дебати, работилници и анкети со ученици од преставници на локална заедница на тема за Врсничко насилство • Програма за работа на социолог • Извештај од спроведена анкета на ученици од страна на социолог на училиште • Анкета со наставници/ стручни соработници, родители/старатели и ученици		најдобрите интереси на ученикот. Со своето професионално однесување и личен пример придонесуваат за градење позитивна училишна килма во која сите се чувствуваат безбедно и прифатено. Насилството, формите на насилство и превенција на истите беа дел и од активностите на училишниот парламент. На почетокот на секоја учебна година се формира тим за заштита на деца од сите облици на насилство, злоупотреба и занемарување. Учениците од училишен парламент во период од 2024-2026 беа дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, проект спроведен од Коалиција на младинска организација СЕГА, во партнерство со Македонски центар за граѓанско образование МСЕС, Прва детска амбасада во светот Меѓаши и Смарт ап лабараторија за социјални иновации, а со поддршка на Детската фондација Kinderdorf Pestalozzi. Во рамките на проектот се реализирани повеќе работилници со учениците, спортски натпревари, дебати на тема „Решавање на конфликти“. Во рамките на проектот беше спроведена и интеркултурна размена на ученици од нашето училиште родени 2011/2012 година во Детското село Песталоци во Трогир Швајцарија, во 2025 година. Проектот беше заокружен со завршна приредба под наслов „Зборот гради, насмевкатsa обединува“. Сите активности кои се спроведуваат од учениците, тимска работа и менторска поддршка остануваат да бидат инспирација за идните генерации во нашето училиште. Дел од стручната служба на нашето училиште исто така беше дел од овој проект и зеде учество на семинар во организација

		на Првата детска амбасада во светот Меѓаши под мотото „Стоп за врсничко насилство“. Истите реализираа многу интересни активности, врснички едукации и средби во кои учество земаа многу наши ученици и родители. Беа реализирани и средби со преставници од родители од нашето училиште, дел од стручната служба и претставници од Првата Детска амбасада Меѓаши. Низ плодна дебата се разговараше за различните родителски стилови, значењето на ненасилната комуникација и начините на препознавање и справување со меѓуврсничко насилство. Училиштето две години, 2024/25 и 2025/26 година беше дел од проектот „Превенција од насилен екстремизам и врсничко насилство“, под покровителство на Центарот за толеранција и доживотно учење – Скопје, во чии рамки беа реализирани низа активности во кои активно учество зеде нашето училиште преку вклучување на наставници, стручна служба, ученици и родители. Во рамките на проектот беа реализирана обука за наставници и стручни соработници на тема „Превенција од радикализација на врсничкото насилство” и четири дводневни обуки за наставници, директори, стручни соработници и претставници од државни институции на тема „Превенција од насилен екстермизам, радикализам и врсничко насилство“. Учениците преку повеќе работилници и обуки беа вклучени во проектот. Обуките и работилниците ги реализираа истакнати експерти од областа на превенцијата од насилен екстремизам и врсничко насилство, како и обучувачи и тренери од Центарот за

		толеранција и доживотно учење. Преку интерактивен пристап, учесниците имаа можност да стекнат нови знаења, да разменат искуства и да развијат вештини за препознавање, превенција и соодветно справување со различни облици на насилство. Посебно значајно искуство за учениците од нашето училиште беше учеството на два летни кампа во Струга 22-28 јуни 2025 година, каде заедно со своите врсници – ученици од осмо одделение од повеќе училишта и во придружба на наставник-ментор, беа дел од богата програма исполнета со едукативни, спортски и рекреативни активности. Родителите исто така беа вклучени во проектот, преку учество на работилници, средби и обуки. Нашите ученици како дел од МИО проектот во 2025/26 година во кој е вклучено нашето училиште заедно со партнер училиштето „Бајрам Шабани" реализираа заеднички активности за заштита од врсничко насилство, активности кои овозможија одлична соработка, размена на знаења и вештини, како и дружење и градење меѓусебно пријателство. Учениците од седмо одделение водени од своите наставници по информатика истражуваа и изготвија двојазична презентација на тема „Сајбер насилство и заштита од истото", креираа креативен постер на тема „Стоп за насилство" . Во рамките на **Code Week 2025,** учениците изработија креативно лого со зборови со силна порака „Против насилство" . Преку оваа активност тие размислуваа за значењето на почитта, другарството, толеранцијата и пријателството, претворајќи ги

		позитивните вредности во визуелна порака. Училиштето успешно соработува со Сектор за превенции при СВР Куманово и Општински совет за превенција на детско престапништво па така во октомври 2025 година беше спроведена едукативна работилница на тема „Врсничко насилство меѓу децата во училиштата“ организирана и спорведена за ученици од VI до IX одделение. Во рамките на работилницата беше спроведена и анкета за детектирање на присуство на булинг кај примерок од 150 ученици. Оваа анкета има за цел, по обработка на анонимните тестови, да се добие процентуална бројка на застапеност на врсничко насилство. Истите податоци ќе бидат споделени со директорите и стручните служби на училиштата, за навремено превземање мерки и решавање на вакви негативни појави помеѓу ученицит. Сектор за образование на општина Куманово во април 2025 година, пред директорите на основните и средните училишта и стручните служби, беше презентирана студија за врсничко насилство. Во истражувањето беа опфатени и ученици од Општина Куманово. Студијата е дел од проектот „Хепи Хипо Шоу – за кохезивно и инклузивно општество“, имплементиран од Театар „БОЕМИ – Скопје, а финансиран од програмата за доделување грантови на проектот „Активно вклучување и влијание на сите актери во превенција и спротивставување на насилен екстремизам во Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта“ и

		здружението „Хуманост", во кој беше вклучена и Општина Куманово и нашето училиште. Во текот на 2024/25 година продолжи и реализација на проектот „Крени глас“ против врсничко насилство подржана од Макпетрол, овојпат со работилница за родители. На спроведената анонимна анкета во училиштето на наставници, ученици и родители, на прашањето дали се превземаат активности за превенција на насилство во училиштето сите наставници одговороиле потврдно. Со оваа тврдење се согласуваат или целсоно се согласуваат 80% од **учениците**, а само 20% не се согласуваат, додека поголем дел од **родителите** се согласуваат, но сепак одреден дел не се согласуваат со тоа тврдење или пак нема информација. Доколку сепак дојде до појава на врсничко насилство најголем број од учениците сметаат дека имаат информација како треба да се постапува. Дали училиштето добро се справува при појава на насилство согласни се најголемиот број родители, но сепак не е мал бројот и на родиттели кои не се согласни со тоа или пак немаат информација. Во училиштето активно се работи со ученици кои се учесници на врсничко насилтво сметаат наставниците во најголем број. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Адријана Владимирова Тасевски*

• Кодекс на однесување • Извештаи од организирани дебати, трибини предавања со учениците • Педагошка евиденција и документација • Извештај за работа на тимот за Црвен Крст • Анкета со наставници/ стручни соработници, родители/старатели и ученици	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Со Кодексот на однесување се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор. Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. На влезната врата на училиштето и внатре во училиштето, наставничките канцеларии се истакнати ознаки за забрането пушење. Во училиштето се организираат едукативни предавања за превенција од употреба на алкохол, цигари и дрога од страна на наставниците, преставници на невладиниот сектор, здравство и МВР. Во април 2026, учениците од VIII и IX одд. учествуваа на предавање на тема превенција од болести и на зависности со наслов „Кратко задоволство, долгорочни последици, психоактивни супстанции и несакани дејства реализирано од страна на доктор Маријана Петрушевиќ вработена во ЈЗУ Општа болница Куманово . Учениците од 8-мо и 9-то одделение имаа можност да се запознаат со штетните последици од употребата на психоактивни супстанци, како и со значењето на здравите животни навики и донесувањето одговорни одлуки. На спроведената анонимна анкета на наставници, ученици и родители поделени се мислењата кај учениците дали се учествува во работилници за заштита од дрога, алкохол, цигари и други штетни влијанија. Најголем дел се согласни со ова тврдење но исто така

		голем дел од учениците не се согласуваат дека земаат учество во работилници со ваква тематика дури голем дел и немаат информација за тоа. На истото прашање најголем дел од родителите се согласуваат со оваа трврдење, но сепак одреден дел од нив сепак не се согласуваат со тоа или немаат информација. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Андријана Владимирова*
• Инетрвју со секретар на училиштето • Записници од совет на родители • Планирања на програма за животни вештини • Педагошка евиденција и документација • Набљудување на условите во училиштето	Квалитет на достапна храна	Во нашето училиште нема училишна менза и училиштето не организира оброк за учениците па така учениците сами се снабдуваат со храна и тоа со носење од дома или, во најголем број случаи учениците со согласност од родителите, купуваат храна во сендвичарите, пекарите или продавниците во непосредна близина. Училиштето има сознанија од ХЕС за квалитетот на храната и за санитарните услови во кои се приготвува и продава храната. Училиштето преку Совет на родители даваше предлог за набавка на кифли преку постапка со барање на прибирање на понуди од понудувачи - пекари кои ги исполнуваат сите услови за вршење на дејноста, производство, чување и дистрибуција на храна, но кај родителите немаше заинтересираност. Учениците сами бираат каде ќе купуваат храна. Во училиштето кифли се обезбедени за учениците со посебни образовни потреби кои следат настава во Центарот за поддршка во склопот на нашето училиште и истите се финансирани од страна на

		општина Куманово. Изборот на кифлите се врши преку постапка со барање на прибирање на понуди од 3 понудувачи. Училиштето формира комисија од три члена кои ги разгледуваат понудите. Избраната пекара ги задоволува сите услови за вршење на дејноста и истата се обврзува секојдневно да доставува различни, свежи кифли при што се испочитувани хигиенските мерки за чување на храна - кифлите се спакувани во хартиени кеси во специјални кутии за кифли. Во последно време сериозно се наметнува проблемот за примена на здравата и квалитетна храна во училиштата, како императив на светските текови за здрава исхрана. Во таа насока, многу е битна едукацијата на учениците во врска со начинот на исхрана и употребата на здрава храна. Затоа во нашето училиште како во предметна настава така и во одделенска настава на одделенските часови се обработуваат наставни содржини за здрав начин на исхрана, се работи на стекнување на навики за здрава исхрана преку работилници, дискусии, презентации, носење на ужинка - овошје, зеленчук и сл. Во училиштето се прават работилници за здрава исхрана, за значењето на здрава исхрана за здравјето, во соработка со установите во локална заедница. Училиштето организира предавање за учениците, флаери и друг материјал, активности од еко проектот и програма за животни вештини. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*

		Член на училишен тим: Марија Насевска
• Годишна програма за работа на училиштето • Набљудување на состојбата во училиштето • Интервју со хигиеничарка • Годишен извештај за работа на училиштето • Распоред на дежурни наставници и технички персонал поставен на • Огласна табла и на видни • Места во ходници • Прашалници за	Хигиена и заштита од болести	Хигиена во училиштето е на задоволително ниво. Во училиштето редовно се врши чистење и дезинфекција на училници, спортски сали, ходници и тоалети, во согласност со законските прописи, неколку пати во текот на денот. Тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат неколку пати во текот на денот, но колку и да се грижи училиштето за хигиената, во некои од тоалетите од училишните објекти поради стара канализациона мрежа се шири непријатна миризба. Ходниците се бришат по секој одмор, пред и по секоја смена. Училниците и спортските сали се чистат, бришат и проветруваат пред и по секоја смена, подовите и клупите се дезинфицираат еднаш неделно од страна на техничкиот персонал. Дворот во училиштето се одржува чисто, во него има корпи за отпадоци од кои редовно се отстрануваат најлонските кеси, како и канти за селектирање отпадоци. Редовно се врши хортикултурно уредување на дворните површини од страна на технички персонал, но и од страна на ученици кои преку разни еколошки и воннаставни активности учествуваат во активности за засадување и грижа на цвеќиња во училишниот двор. Во секоја училница, кабинет и низ ходниците има корпи за отпадоци, во корпите редовно се врши замена на хигиенски кеси.

учениците и родителите • Интервју со домаќин на училиштето (Испратница) • Планирања на програма за животни вештини • Педагошка документација • Анкета со наставници/ стручни соработници, родители/старатели и ученици • Програма за здравствена заштита • Евиденција за соработка на училиштето со Центар за јавно		Училиштето редовно издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена и истите се чуваат и по потреба се доделуваат од страна на домаќинот на училиштето. Училиштето целосно ја реконструира училишната зграда (фасадата и внатрешноста) во подрачното училиште во с.Пчиња при што се смени и начинот на затоплување на училиштето, од затоплување со огревно дрво во затоплување со клими и на тој начин се подобрија и се обезбедија похигиенските услови за следење на наставата во училиштето. Подобрување на хигиенските услови настана и како резултат на менување на старата столарија со нова и стариот училишен инвентат со нов (нови маси, столчиња, табли...) Затоплувањето со огревно дрво се смени со затоплување со клими и во ПУ с.Студена бара и на тој начин се подобрија хигиенските усови и во оваа училишна зграда. Во тек на летниот период се врши кречење на училниците и ходниците, дезинфекција, дезинсекција и дератизација пред почетокот на секоја учебна година од страна на стручни лица на ХЕС, и санација на стаклата и училишниот мебел од страна на хаус мајсторот на училиштето. Училиштето има програма за здравствена заштита која е дел од Годишната програма на училиштето, како и програма за заштита од заразни болести кои се спроведуваат од страна на вработените во училиштето, како и од доктори и други здравствени работници по пат

здравје • Евиденција на • Систематски прегледи, стоматолошки прегледи и вакцинација • Извештај за работа на тимот за Црвен Крст		на предавања, дебати и делење на флаери, како и во рамките на еко проектот на точките на акција кои се однесуваат на здравјето и во склад со еко календарот со одбележување на светски ден на здравјето пропишан од СЗО. При појава на заразни заболувања (епидемија) училиштето донесува укажување до родителите и наставниците за посебен режим на однесување како во училиштето, така и дома во контекст на симптомите, пренесувањето на болеста, превентивата и во однос на посетата на наставата. Стручната служба во ваков случај секој ден ги посетува одделенијата за проверка на евентуално болни и отсутни поради болест и поднесува извештај до Државниот санитарен инспекторат и ЦЈЗ. Според Годишна програма на училиштето, во соработка со ЈЗУ школска амбуланта и амбуланта „Тоде Мендол“ на учениците им се извршуваат систематски прегледи и тоа за ученици од I, III,V, VII и IX одделение со цел да се следи целокупното здравје на учениците за превенција и заштита од несакани здравствени проблеми. Систематските прегледи се реализираат без да се попречува наставата по завршување на наставата, а учениците се предводени од своите класни раководители. Исто така училиштето во соработка со ЈЗУ школска амбуланта и амбуланта „Тоде Мендол“ врши превентивни стоматолошки прегледи и зафати и редовна вакцинација согласно календарот за имунизација и вакцинација од Министерството за здравство.


Училиштето организира санитарен преглед еднаш годишно и систематски преглед организиран за наставници и технички персонал на секои две години.

На часовите на одделенската заедница воспитно се делува врз учениците за одржување на лична хигиена и заштита од заразни болести и создавање хигиенски навики како и ОЖВ работилници/редовни часови на тема Јас и здравјето - здраво живеење. Преку Еко-тим и Тим за хигиена во паралелките, учениците водат грижа за одржување на чисти и уредни училници, добро проветрени и дезинфицирани.


Тврдење бр.1: Училиштето е чисто и уредно

На тврдењето: Училиштето е чисто и уредно:

Најголем дел од учениците одговориле дека училиштето е чисто и уредно, но исто така голем дел од нив не го делат ова мислење.



На тврдењето: Училиштето е чисто и уредно:

		Поделени се мислењата помеѓу родителите дали хигиената во училиштето е на високо ниво. Најголем дел од родителите не се согласуваат со ова тврдење.  *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Марија Насевска*
• Интервју со директор • Проект за реновирање на кровна конструкција • Извештај од стручен актив • Педагошка документација • Записници од	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Училишниот простор е безбеден за изведување настава и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците и вработените. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. На почетокот на секоја учебна година се формира тим за безбедност. Училиштето има изработено план за заштита и спасување, а донесен е и интерен акт (упатство) за постапување (евакуација) во случај на елементарни непогоди и се изведуваат симулации. Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. Училиштето има пожарни (панични) светла кои во случај на

наставнички совет • План за евакуација • Правилник за заштита од пожари и експлозии • Интервју со домаќин на училиштето • Распоред на дежурства за наставниците и технички персонал набљудување на условите во училиштето • Извештај од реализирани активности • Организирани предавања, трибини и дебати со ученици,		прекин на електричната енергија би послужиле за означување на влезовите и излезите. Во училишниот простор има доволен број ПП апарати и истите редовно се контролираат и сервисираат на секои 6 месеци од овластен сервис со потпис и печат. Пред грејната сезона се врши детална контрола и сервисирање на котларите и истите се покриени со посебни ПП апарати. Во училиштето има доволен број на хидранти кои редовно се проверуваат/контролираат од страна на претпријатие за редовно, превертивно одржување и контрола на исправност на ПП апарати, хидранти и друга противпожарна опрема. Училиштето располага со громобрани на кои редовно им е направено мерење и контрола. Поради зачестени дојави за бомби училиштето спроведе обука за брза евакуација во случај на хибриден напад. Редовно се изведуваат вежби за брза евакуација за сите вработени и ученици. При хибридните напади вработените во училиштето, навремено и безбедно ги евакуираа сите ученици и ги информираа надлежните од СВР Куманово. Со предупредувачки пораки/налепници се информираат учениците за опасности по нивна безбедност. За сите потенцијално опасни места во училиштето (штекери, скали, лизгави површини), учениците се обучуваат и советуваат како да се однесуваат кон истите и какви последици можат да настанат со нивно несоодветно користење и ракување. Учениците во текот на практичната настава по предметите: ТО,

наставници и родители		физика, хемија и физичко и здравствено образование, вршат експерименти и користат хемикалии, алати, прибор и справи за вежбање само под надзор и во присуство на соодветниот наставник. За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата има дежурни наставници и технички персонал (со однапред изготвен распоред) кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето. За ученици и посетители со телесен инвалидитет има поставено рампа на главен влез, но и другите влезови во централната зграда се целосно преадаптирани со пристапна рампа. Во централната зграда на училиштето поставен е лифт и жолти ленти-насока за движење, со што е овозможен полесен пристапот за овие ученици. Во училиштето има и тоалети за лица со телесен инвалидитет и тоа во централната зграда и зградата каде настава изведуваат ученици од Центарот за поддршка. Подовите во централната зграда се адаптирани за движење на лица со посебни потреби со што е зголемена безбедност на движење на овие ученици. Општина го финансира реконструирањето на подрачното училиште „Браќа Миладиновци“ во село Пчиња. Се реконструира внатрешноста и фасадата на училиштето, со што се обезбедија подобри и побезбедни услови за следење на наставата на учениците. Во јуни 2025 год. се постави спортско-рекреативната површина во дворот на училишната зграда „Карпош“ со што е направен безбеден

		простор за рекреативни активности на учениците со посебни потреби. Училишниот двор е безбеден за учениците, бидејќи има поставено видео надзор и порти на влезовите на училишниот двор и во истиот постои забрана за паркирање на автомобили. За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени негативни ситуации, спортската сала како и сите влезови се под видео надзор. Во салата каде што се реализираат часови по физичко и здравствено образование подот е оштетен, прозорците стари а и осветлувањето е на незавидно ниво-што претставува одреден вид на небезбеден простор за учениците. Потребно е во случај на повреди во училиштето да се постави кутија за прва помош на видно место во холот во училиштето достапна за вработените и учениците. Бројот на обучени наставници со вештини за давање прва помош на ученици и вработени секоја година сукцесивно се зголемува, но има потреба од дополнителна обука на нововработениот наставен кадар. Најголем дел на учениците од предметна настава се обучени за давање на прва помош преку работилници организирани од ,,Црвен крст“. Поголем дел од вработените исто така имаат посетено и Обука за заштита при работа. На одделенските часови се организираат работилници и едукативни предавања за заштита на здравјето, орално здравје

		предводени од лекари, стоматолози. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Марија Насевска*
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Посебно внимание во училиштето се посветува на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици ида учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример: екскурзии, приредби, натпревари,следење на on-line настава). Во училиштето се организираат собирни акции на книги, облека и ученички прибор. Се партиципира трошокот за екскурзија и други вонаставни активности на оваа категорија на ученици. Училиштето во соработка со Општина Куманово и бизнис сектор додели таблети и лап-топна оваа категорија ученици за непречено следење на наставата. Училиштето редовно соработува со локалната заедница, бизнис секторот и со родителите за навремено пружање помош на оваа категорија на ученици. Во училиштето се работи на проектот Образовен додадок и детски додаток финансиран од МТСП каде што редовните ученици од ромска националност добиваат паричен надоместок.


		Во училиштето има образовни медијатори кои работат со ученици од ромска националност и со потешкотии во учење распоредени од Општина, МОН и невладини организации. Целта на Грижата на учениците од социјално загрозени семејства е да се пружи поддршка на самите семејства на децата од социјално загрозени семејства во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, транспортни трошоци или други слични специфични потреби. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Гордана Зец*
• Дневници во делот на изостаноци • Процедура за оправдување на изостаноци од лекар и родител • Евиденција на ученици со хронични заболувања и здравствени	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Во училиштето континуирано се посветува внимание на грижата и поддршката на учениците кои имаат здравствени потешкотии, што претставува важен сегмент од воспитно-образовниот процес. Во изминатиот период се реализирани повеќе активности насочени кон унапредување на системот за следење и помош на овие ученици. Преку соработка со родителите, здравствените установи и стручните служби во училиштето е воспоставен начин за навремено препознавање на ученици со здравствени проблеми. Здравствената состојба на учениците редовно се следи преку ажурирање на нивната медицинска документација. Стручниот тим е навремено известен за ученици кои поради хронични заболувања како астма, дијабетес,

проблеми • Процедура за грижа на ученици кои поради некое акутно или хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава		епилепсија или поради подолготрајни повреди отсуствуваат од наставата. Целиот процес се реализира во соработка меѓу одделенските и предметните наставници, родителите, стручната служба и надворешни институции како здравствени центри и Центарот за социјална работа. За учениците кои подолг период не присуствуваат на часови се организира дополнителна поддршка, со цел да се надомести пропуштениот наставен материјал и да им се олесни враќањето во наставниот процес. Во случаи кога учениците од здравствени причини не можат редовно да ја следат наставата, училиштето им овозможува полагање на завршни испити според утврдени процедури. Наставниците, особено одговорните одделенски раководители, навремено ги информираат предметните наставници за состојбата на учениците, со посебен акцент на наставниците по спорт и спортски активности. За овие ученици се води посебна евиденција и се применуваат адаптирани вежби согласно нивните можности. Во рамки на спортската настава се вршат и основни мерења како висина, тежина и држење на телото, со цел рано препознавање на евентуални физички отстапувања. Доколку е потребно, учениците се упатуваат на дополнителна стручна проценка. Училиштето работи и на подобрување на условите за пристап и движење, со цел да се обезбеди поголема достапност и удобност за

		учениците со физички ограничувања. Стручниот кадар редовно учествува на обуки поврзани со препознавање и справување со здравствени состојби кај учениците. Психологот и педагогот имаат клучна улога во поддршката на учениците со посебни образовни потреби или емоционални тешкотии, и им се достапни за индивидуална помош и советување. Сите ученици од основното образование редовно се опфатени со систематски и стоматолошки прегледи. Медицинските наоди од школската медицина се доставуваат во училиштето, а во случаи на посериозни здравствени состојби учениците со родителите се упатуваат на понатамошни прегледи кај матичен лекар. За учениците со посебни образовни потреби се изработуваат индивидуални образовни планови со цел наставата да биде прилагодена на нивните способности и потреби. Дополнително, се обезбедува стручна и асистентска поддршка за учениците на кои им е неопходна. Училиштето постојано се информира и ги применува современите практики во областа на инклузивното образование и грижата за ученици со здравствени предизвици. Во таа насока се гради средина која поттикнува прифаќање, разбирање и почитување на различностите. Родителите активно се вклучени во целиот процес и постои редовна, отворена комуникација со нив, со што се обезбедува

		заедничко делување во интерес на учениците. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Кристина Костадиновска*
• Програма за грижа на здравје; • Програма на стручна служба-психолог; • Центар за социјална работа; • Логопед; • Дефектолог; • Социолог; • Наставници;	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Поддршката на социо-емоционалната благосостојба на учениците претставува една од клучните компоненти во образовно-воспитниот процес. Таа опфаќа различни активности, програми и пристапи кои се насочени кон унапредување на емоционалните, социјалните и воспитните вештини и компетенции кај учениците. Во училиштето се создава сигурна, инклузивна и поддржувачка средина во која секое дете се чувствува прифатено, вреднувано и почитувано. Во наставната практика се реализираат планирани содржини и активности со насока кон унапредување на емоционална интелигенција, емпатија, комуникациски вештини и конструктивно решавање на конфликти. Стручните соработници се постојано достапни за учениците и обезбедуваат индивидуална и групна поддршка според нивните потреби. Дополнително, училиштето остварува соработка со родителите и поширокатa заедница со цел обезбедување континуирана и сеопфатна поддршка, и во училиштето и надвор од него. Наставниот кадар редовно учествува во обуки поврзани со менталното здравје, како и со препознавање на симптоми на анксиозност, депресија и стрес кај учениците. Учениците се мотивираат да развиваат вештини за саморегулација, како што се

• Здравствени институции; • Анкети		поставување цели, ефикасно управување со времето и примена на техники за справување со стрес. Еден од приоритетите е промовирање здрави животни навики, вклучувајќи редовна физичка активност, правилна исхрана и доволно одмор и сон, како основа за стабилна емоционална состојба. За учениците кај кои се забележуваат тешкотии во однесувањето, адаптацијата во училишната средина или други предизвици кои влијаат на нивното ментално и емоционално здравје, се изработуваат индивидуализирани програми прилагодени за нивните потреби. Содржините се усогласуваат со возраста, когнитивниот и емоционалниот развој на ученикот. Во реализацијата на овие програми учествува стручен тим составен од инклузивен тим, одделенски и предметни наставници, логопед, дефектолог, психолог, педагог, социолог, родителите, како и релевантни институции. Програмите се спроведуваат сè додека не се забележи напредок и подобрување во однесувањето и функционирањето на учениците. Во текот на оваа учебна година е спроведена акнета наменета за родители. Слика 39. Грижа за емоционалната состојба

		 На тврдењето **„Дали училиштето се грижи за емоционалноста на моето дете“**- најголемиот дел на испитаниците, се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната сосотојба на учениците. Незначителен дел од испитаниците не се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната сосотојба на учениците, а само 7,5 % изјавиле дека не знаат или немаат информации за ова прашање. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Кристина Костадиновска*
	Давање помош при изборот за продолжување на образование	Училиштето има изработено програма за професионална ориентација на учениците. Согласно програмата, стручната служба во училиштето ги информира наставниците и учениците за можностите на учениците за понатамошно образование и доусовршување. За подетално информирање средните стручни училишта, заедно со своите училишни тимови вршат презентација за

	то	постоечки смерови во нивните училишта. Сите субјекти во училиштето се свесни за важноста на одлуката на учениците, па затоа заеднички соработуваат и се надополнуваат. Класните раководители и предметните наставници на дополнителни часови и проектни активности,ги запознаваат учениците со можните професии, постоечки средни училишта и смерови со кои располагаат училиштата. Редовно се одржуваат работилници од страна на стручната служба соцелосно согледување на ученичките интереси и способности. Се изготвуваат прашалници за учениците од деветто одделение за нивната професионална ориентација. Ги информираат учениците дека секое средно училиште објавува конкурс за запишување, во кој децидно се наведени критериумите за упис, според кои учениците можат да конкурираат, зависно од можностите за запишување, во одредено средноучилиште. После обработените податоци од прашалникот наставниците ги информираат учениците за резултатите од прашалникот, од кои се утврдуваат професионалните интереси и способности на учениците. Со учениците се водат индивидуални разговори за изразените интереси иможности за нивниот избор на занимањето/институцијата за понатамошното образование и доусовршување. Стручната служба заедно со наставниците подготвува трибини, дебати и работилници на кои се повикуваат родителитете и

		учениците. Им се презентира изработена листа за склоности и интереси, како и особини на личноста, поврзани со секоја струка. Анкета со родители Најголем број од родителите по однос на ова тврдење **„Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на ученици“** се согласни дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на ученици, додека мал дел од родителите нема информација или пак не се согласуваат со ова тврдење. *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* *Член на училишен тим: Гордана Зец*

Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето Училиштето има изградено препознатлив и позитивен имиџ во локалната средина и остварува успешна, континуирана и партнерска соработка со локалната заедница. Во училиштето е воспоставена позитивна и поддржувачка училишна клима која се одликува со уредна, пријатна и стимулативна работна средина, во која се негуваат меѓусебното почитување, одговорноста, редот и дисциплината. Со цел унапредување на квалитетот на меѓучовечките односи и обезбедување јасни стандарди на однесување, училиштето

има изготвено кодекси на однесување кои се однесуваат на сите учесници во воспитно-образовниот процес – учениците, вработените и родителите. Истите се познати, прифатени и доследно се почитуваат од страна на сите структури во училиштето, придонесувајќи кон создавање позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина.

Почитувањето и примената на овие кодекси придонесуваат за јакнење на културата на одговорност, взаемна почит и професионално однесување, како и за одржување на позитивна и безбедна училишна клима.

Училиштето претставува инклузивна воспитно-образовна средина која на сите ученици, независно од нивните способности, пол, етничка припадност, вероисповед, социјален статус или која било друга лична карактеристика, им обезбедува еднакви можности за активно вклучување и учество во наставните и воннаставните активности. Промовирањето на еднаквоста и правичноста претставува една од темелните вредности врз кои се заснова работата на училиштето, а нивното доследно почитување е вградено во сите интерни документи и процедури, како и во односите помеѓу сите чинители на училишниот живот – вработените, учениците и родителите.

Во нормативните акти и правилниците на училиштето се интегрирани основните принципи за заштита и почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко насилство и сите облици на несоодветно однесување. Сите вработени ги познаваат и доследно ги почитуваат правата на децата, демонстрирајќи професионален, правичен и достоинствен однос кон секој ученик, без оглед на полот, етничката припадност, социјалното потекло или индивидуалните способности.

Училиштето го негува и применува принципот на демократско учество на учениците во процесите на одлучување преку воспоставени форми на ученичко организирање на сите нивоа – од паралелка до училиште. Ученичката заедница активно учествува во донесувањето одлуки од непосреден интерес за учениците. Во училиштето функционираат и Ученички парламент и ученички правобранител, формирани и избрани во согласност со Статутот на училиштето, кои своите активности ги реализираат врз основа на однапред утврдена годишна програма. Значаен придонес во унапредувањето на безбедноста и разрешувањето на предизвиците во училишната средина дава и училишниот тим за безбедност.

Особено значајно место во функционирањето на училиштето зазема соработката и комуникацијата со родителите и

старателите, која се реализира на сите нивоа и во различни форми. Родителите редовно се информираат за сите релевантни прашања поврзани со воспитно-образовниот процес, активно се вклучуваат во работилници, проекти и други активности, а нивните иницијативи и предлози се разгледуваат и, кога е возможно, се имплементираат во практиката. Истовремено, училиштето континуирано ги поттикнува родителите кон активно партнерство во воспитно-образовниот процес, при што се реализираат и законски пропишаните советувања.

Училиштето остварува континуирана и продуктивна соработка со релевантните институции од областа на воспитно-образовната дејност, локалната самоуправа, јавните установи, граѓанскиот и деловниот сектор, со цел унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа и создавање поширока мрежа на поддршка за учениците.

Грижата за севкупниот развој и благосостојба на учениците претставува еден од приоритетите на училиштето. Во таа насока се создава безбедна, сигурна и поттикнувачка средина за учење, во која се негуваат почитувањето на различностите, меѓусебната толеранција и културата на ненасилна комуникација како основа за превенција и заштита од сите облици на насилство. Училиштето континуирано реализира активности насочени кон идентификување на евентуалната појава на врсничко насилство, со што се обезбедуваат услови за навремено препознавање, интервенција и соодветно постапување.

Со Кодексот на однесување на учениците јасно се дефинирани забраните за пушење, консумирање алкохол, како и дистрибуција и употреба на психоактивни супстанции во училиштето и училишниот двор. За ваквите појави постојат воспоставени процедури за евидентирање и постапување, кои се применуваат доследно и навремено. Преку воннаставни активности, едукативни предавања и работилници, училиштето систематски ја развива свеста кај учениците за значењето на здравите животни навики, правилната исхрана и грижата за сопственото здравје.

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, континуирано се следи здравствената состојба на учениците со цел превенција и навремена заштита од здравствени ризици, преку реализација на систематски и превентивни прегледи, стоматолошка заштита и редовна имунизација согласно националниот календар за вакцинација. Исто така, редовно се спроведуваат систематски и санитарни прегледи и кај вработените во училиштето.

Училиштето располага со јасно дефинирани мерки и процедури за обезбедување на безбедноста на учениците за време на

наставата, во училишната зграда и во училишниот двор, а нивната примена постојано се следи и унапредува. Посебно внимание и поддршка им се обезбедуваат на учениците од социјално ранливи семејства, преку обезбедување услови за надминување на трошоците поврзани со школувањето, набавка на училишни материјали, специјализирана опрема, учество во воннаставни активности, превоз и други специфични потреби. Дополнително, училиштето вложува значителни напори за обезбедување соодветна поддршка и грижа за учениците со здравствени потешкотии.

Посебен акцент се става на социо-емоционалната добросостојба на учениците преку создавање поддржувачка, инклузивна и охрабрувачка средина во која секој ученик има можност да ги развие и реализира сопствените потенцијали. На тој начин се придонесува кон подобрување на академските постигнувања, развојот на животните вештини и успешната подготовка на учениците за предизвиците што ги носи современото општество.

Училиштето располага со развиена програма за професионална ориентација на учениците, при што сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес ја препознаваат важноста на изборот на идниот образовен и професионален пат на учениците. Преку заедничка соработка, координација и меѓусебно надополнување, се обезбедува соодветна поддршка во процесот на донесување информирани и одговорни одлуки за нивниот понатамошен личен и професионален развој.

Силни страни

- Училиштето има изградено препознатлив и позитивен имиџ во општината и остварува континуирана и успешна соработка со локалната заедница, јавните установи и деловниот сектор.
- Училиштето спроведува јасно дефинирана политика заснована на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција, со што континуирано се унапредува свеста кај учениците за значењето на меѓусебната почит, еднаквоста и емпатијата.
- Исто така, училиштето остварува успешна меѓународна соработка со партнер училишта во рамки на Еразмус+ проекти, преку реализирање мобилности, размена на искуства и идеи, како и заеднички активности на учениците со нивните врсници од партнерските училишта.

- Во училиштето е обезбедено навремено информирање, изработка, спроведување и ажурирање на Кодексот на однесување и Кодексот на облекување, при што во овој процес активно се вклучени сите структури во училиштето.
- Училиштето има воспоставено Центар за поддршка на ученици со потешкотии во учењето, кој обезбедува континуирана стручна и образовна поддршка во согласност со потребите на учениците.
- Училиштето систематски и континуирано се грижи за социо-емоционалната добросостојба на учениците преку организирани активности, индивидуализирани програми и вклученост на стручен тим (психолог, педагог, дефектолог, наставници и родители), што овозможува сеопфатна и координирана поддршка.
- Извршена е реконструкција на кровната конструкција на централната училишна зграда, со што значително се подобрени условите за безбедно и квалитетно одвивање на воспитно-образовниот процес.
- Извршено е реновирање на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња.
- Родителите се активно вклучени во организација и реализација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни и релевантни воспитно-образовни теми, со што се зајакнува партнерството меѓу училиштето и семејството.
- Активностите на училиштето редовно се промовираат во локалната заедница преку локалните медиуми, како и преку официјалната веб-страница и Фејсбук-страницата на училиштето, со цел транспарентно информирање на јавноста.
- Училиштето се истакнува со активно вклучување на учениците во Неделата на грижа за стари лица преку организирана посета на Дом за стари лица, со што се поттикнува хуманоста, емпатијата и општествената одговорност кај учениците.
- Училиштето реализира значителен број активности, работилници и предавања преку кои учениците стекнуваат знаења и вештини за препознавање, превенција и соодветно справување со различни форми на насилство.
- Во училиштето се обучени наставници и ученици за укажување прва помош, со што се зајакнува безбедноста и подготвеноста за навремено и соодветно делување во итни ситуации.

Слаби страни

- Постои потреба од понатамошно унапредување на наставниот процес преку поизразена примена на индивидуализација и диференцијација, како и јакнење на дигиталните компетенции на дел од наставниот кадар и поширока употреба на современи дигитални алатки.
- Недоволно учество и помал број постигнувања на учениците и наставниците на меѓународни натпревари, конкурси и проекти.
- Ограничена вклученост во меѓународни образовни иницијативи кои овозможуваат поширока афирмација на учениците, наставниците и училиштето.
- Соработката со родителите во одредени сегменти може дополнително да се унапреди преку нивно поактивно и поконтинуирано вклучување во воспитно-образовниот процес и училишниот живот.
- Иако училиштето активно работи на унапредување на социо-емоционалната добросостојба на учениците, дел од родителите сè уште покажуваат потреба од подобро информирање и поголема запознаеност со сите активности и мерки што се спроведуваат во оваа област.
- Недоволен број на едукативни работилници и активности насочени кон превенција и заштита на учениците од штетни влијанија, како што се дрога, алкохол, цигари и други ризични однесувања.

Приоритети

- Унапредување на инклузивна, безбедна и поддржувачка училишна средина со фокус на поддршка на секој ученик.
- Продлабочување на соработката со локалната и меѓународната заедница и зголемување на учеството на родителите.
- Развивање на култура на активно учество во меѓународни образовни активности преку навремено информирање, поддршка и менторство.

- Поттикнување, мотивирање и зголемување на бројот на наставниците и учениците за активно учество во меѓународни натпревари, конкурси и проекти, со цел поголема меѓународна видливост, промоција на училиштето и зголемување на бројот на ученици и наставници кои ќе го претставуваат училиштето на меѓународно ниво.
- Јакнење на капацитетите на наставниот кадар за подготовка и реализација на активности поврзани со меѓународна соработка.

Подрачје 4:Управување,раководење и креирање политики

Индикатор за квалитет
4.1 Управување и раководење со училиштето
4.2 Цели и креирање на училишната политика

Индикатор4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Програма за работа на Училишниот одбор; • Деловник за работа на Училишниот одбор	Управување со училиштето	Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е определена со Деловодник за работа со кој јасно се дефинирани надлежностите за управување. УО работи согласно изготвена програма за работа. Состаноците се одржуваат редовно со мнозинство на членови на одборот.

• Статут на училиштето • Извештај од самоевалуација • Записници, Одлуки,Извештаи од работата на Училишниот одбор • Развојна програма на училиштето • Интервју со Директор и стручните соработници • Програма за работа на директорот • Програма за професионален развој • Анкета за наставниците, родителите и учениците • Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи) • Докази за вклчученост во		Информираноста за одржување на состаноци е преку електронска форма или телефонски контакти. Седниците се водат од страна на претседателот на УО а записници од страна на секретарот на училиштето. Директорот е редовно поканет и присутен на состаноците на УО што овозможува меѓусебен партнерски однос. Годишната програма за работа на УО е дел од Годишната програма за работа на училиштето. На седниците се водат и донесуваат одлуки за актуелни, тековни прашања за работата во училиштето. За одлукитесе информираат вработените на училиштето преку Наставнички совет и извештаи за работа на УО. Од **интервју со претседателот на УО** констатирано е дека сите членови се запознаени со програмата за работа и со своите надлежности. Како најголеми стратешки предизвици се обезбедување на квалитетно и транспарентно управување со училиштето, следење на реализација на годишната програма, унапредување на условите на работа и наставниот процес, како и обезбедување на добра соработка помеѓу директорот, наставниците родителите и локалната самоуправа.Овие предизвици воедно се и наша силна страна бидејќи Училишниот одбор работи тимски, носи одлуки во интерес на училиштето и учениците и настојува да обезбеди отчетност, транспарентност и континуирано подобрување на квалитетот на воспитно образовниот процес. Како предизвици и слабости беа издвоени ограничените финансиски средства за реализација на сите планирани активности,

регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации) • Активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека • Пописна листа за библиотечен фонд • Извештаи и записници од следени часови од директор и стручни соработници со дозвола на директор		административни процедури кои понекогаш го забавуваат процесот на донесување на одлуки, како и потербата на уште поголема вклученост и континуирана комуникација со сите чинители во воспитно образовниот процес. И покрај тоа, Училишниот одбор работи на надминувае на овие предизвици преку соработка, планирање и навремено донесување на одлуки. *Членови на училишен тим: Елена Марковска и Наташа Ѓорѓевиќ* *Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ* **Активности и програма за работа на Претседател на Совет на родители.** Од интервјуто со Претседателот на Совет на родители дознавме дека избор на претседател на Совет на родители се изведува согласно Деловникот за работа. За евиденција на одржаните состаноци се изготвува записник. Претседателот истакна дека во изминатиот период во кој ја извршува својата функцијата е задоволен од присуството на членовите на Советот, како и нивната се поголема заинтересираност за активно учество во дискусиите. Одлуките донесени од страна на Советот на родители произлегуваат со заеднички консензус помеѓу неговите членови и често за истите се

	Раководење со училиштето	водат и долги дискусии. Советот на родители при ООУ „Браќа Миладиновци“ предлага и именува тројца претставници од редот на активни членови на Советот за свои претставници во Училишниот одбор. Изборот се врши преку тајно гласање. Соработката на Директорот на училиштето и Училишниот одбор со членовите на Советот на родители, а особено со Претседателот на Советот на родители е на високо ниво. Навремено и транспарентно се известени како за сите тековни, така и за сите идни планирани активности во и надвор од училиштето претставници во Училишниот одбор. Изборот се врши преку тајно гласање. Годишната програма како документ училиштето ја доставува до Советот на родители на редовен состанок и нејзиното разгледување и усвојување е составен дел од годишната програма за работа на Советот на родители на почетокот на секоја учебна година. На секој од одржаните состаноци секој член на Советот, кој воедно е и претставник на одделенска заедница, може да го искористи своето право да постави прашање, или да побара информација за било каков проблем кој произлегува од одделенската заедница. Советот активно зема улога во организација на активности по повод Патрониот празник на училиштето, како и други организации и активности во текот на учебната година. За сите организирани активности кои училиштето ги спроведува или планира да учествува

		навремено се известени на редовните состаноци на Советот. Совет на родители активно учествува на полето на координација заедно со Сектор за превенција на ученичко насилство при МВР - Куманово каде има свој претставник од редот на активните членови на Советот. На полето на инклузијата училиштето спроведува процес на тотална инклузија, а Советот дава активна поддршка на овој процес и преку свои предлози и мислења активно учествува во унапредување на истиот. Континуирано Советот е известен од страна на надлежните претставници на училиштето за тековните и планираните соработки со други училишта, локални и меѓународни организации и здруженија. Темите кои се актуелни во тековната учебна 2025/26 год. се пред се зачестеноста од појава на различни форми на ученичко насилство, новата концепција за основно образование и не помалку важни се и темите кои се поврзани со подобрување на инфраструктурата во која се одвива воспитно-образовниот процес . Еден од основните предуслови за подигнување на квалитетот на наставата и постигнување на подобри резултати е збогатување на постојните просторни капацитети со современа информатичко комуникациска технологија, како и современи наставни средства за правилен психо-физички развој на децата. Во изминатиот период евидентна е желбата на вработените во

		училиштето за негување на еден вид партнерски однос со родителите, со единствена цел – постигнување на подобри резултати на учениците. *Член на училишен тим: Виолета Илиевска и Бојан Трајковски* *Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ* Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вработени во училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на училиштето. **Од интервјуто со директорот на училиштето установивме дека надлежностите и ингеренциите се следни:** - Комуникации и односи со јавноста, промоција на училиштето; - Унапредување на меѓучовечките односи; - Обезбедување кадар како и професионален и кариерен развој на истиот; - Планирање, поддршка на наставата и учењето; - Грижа за безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците; - Раководење со финансии и материјални ресурси.

		Со долгогодишната работа во просвета, директорот има изградено авторитет и кредибилитет кон наставниот кадар, Со својот професионален пристап кон работата дава личен пример заснован на знаења и вештини. Преферира тимска работа и споделување на добри практики. Се води со принципите: почит, професионалност, одговорност, отвореност, критичко и самокритичко однесување и размислување. Директорот е во постојана соработка со тимот за развојно планирање Потребите за професионален развој на наставниците постојано се следат преку анкети иработата на стручните активи, реализацијата на проекти и посетата на семинари. Професионалниот развој на наставниците се следи преку портфолија и преку педагошки картон за секој наставник. Стручните соработници постојано и максимално им излегуваат во пресрет на наставниците во поглед на промените на наставните програми. Директорот соработува со тимот за развојно планирање, ги следи потребите за професионален развој на наставниците, ги идентификува потребите за нагледни средства и планира набавка на истите. Директорот има комплетен увид за тоа, кој наставник и колку ја врши примарната работа, но и врши опсервација и анализа на личните капацитети и можности на поединци Води темелна анализа на кој начин секој наставник може да го даде својот максимум како член на училишниот тим. Наставниците посетуваат акредитирани обуки, семинари, конференции и работилници согласно нивните

	Управување и раководење со ресурсите	професионални потреби. По секоја реализирана обука се организира дисеминација преку која стекнатите знаења се пренесуваат на останатите колеги, што придонесува за подобрување на квалитетот на наставата. Инклузивното образование е еден од приоритетите на училиштето. Најголемите предизвици се обезбедување доволен број стручни соработници, континуирана обука на наставниците, современи дидактички материјали и соодветни просторни услови. И покрај тоа, постојано се работи на индивидуален пристап, добра соработка со родителите и создавање средина во која секој ученик ќе се чувствува прифатен и ќе има еднакви можности за напредок. Со оглед на тоа дека социјално загрозените семејства се соочуваат со сериозни проблеми во секојдневието училиштето превзема активности за да го олесни барем сегментот околу образованието на истите, редовно се организираат хуманитарни акции, донации, продажни базари и активности во кои се вклучуваат учениците, наставниците и родителите. Во соработка со општината, институциите и невладиниот сектор обезбедуваме поддршка за семејствата на кои им е најпотребна и настојуваме ниту едно дете да не биде изоставено од воспитно образовниот процес. Во однос на ресурсите тие се користат рационално и плански. Настојуваме максимално да ги искористиме постојните просторни и материјални капацитети, но истовремено постои потреба од дополнителна современа ИКТ опрема, наставни средства и

		подобрување на инфраструктурата. Во наставата се применуваат платформи за учење и интерактивни содржини. Основна политика на училиштето е поголема вклученост на наставниците, секој да се пронајде себеси во некој од тимовите за креирањето и спроведувањето на училишната политика а се со цел за поголема ефикасност во работата на училиштето. Што се однесува до материјалните-технички средства, тие редовно се планираат преку анкетирање на наставниците, индивидуални разговори, увид во Самоевалуција 2023-2024 год., постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето. Оваа година беше реализиран проектот за обнова на фасадата на училиштето, со што дадовме нов изглед но во исто време се постави соодветна изолација, што е од големо значење. Безбедноста е на високо ниво и претставува постојан приоритет. Се спроведуваат сите законски мерки, има видео надзор, дежурства, редовна соработка со полицијата, противпожарната служба и другите надлежни институции. Дополнително организираме едукативни работилници за превенција од насилство и безбедно користење на интернет. Соработката со Советот на родители и Училишниот одбор е редовна, партнерска и транспарентна. Директорот присуствува на состаноците, ги разгледува сите предлози и заеднички се донесуваат одлуки кои

		придонесуваат за подобрување на условите за работа и квалитетот на воспитно образовниот процес. Училиштето редовно изработува проекти и со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во соработува со локална самоуправа, амбасадите, владиниот и невладиниот сектор. Училиштето редовно учествува на сите општински, регионални и државни натпревари, по различни предмети и спортски активности, и постигнува врвни резултати. Од интервјуто со директорот на училиштето Јасминка Спасовска може да резимираме дека како менаџер на образовна установа ги користи капацитетите на сите поединци но како дел во тимска работа, со тоа води политика на поголема вклученост. Според директорот добиениот буџет максимално се користи за реализација на наставниот процес. Во однос на безбедноста во училиштето се соработува со сите релевантни фактори и се превземаат сите мерки во рамки на надлежност. Раководството на училиштето има успешна соработка со УО како и со советот на родители. Во однос на професионален развој на наставниот кадар во училиштето, наставниците присуствуваат на понудените обуки а се врши и десиминација за поголема опфатеност. Училишната клима ја оценува како добра, приоритет на училиштето е реализација на различни проекти за подобрување на инфраструктурата и просторните капацитети. Постоечките капацитети се користат максимално иако има недостиг на истите. Предизвик за

		училиштето е предстојниот процес на инклузија и соочување на недостиг од кадар при негова имплементација. Училиштето е препознатливо по квалитетната настава, инклузивниот пристап, учество во домашни и меѓународни проекти, успесите на учениците на натпревари, континуираниот професионален развој на наставниците и добрата соработка со локалната заедница. Исто така по редовно учество на Еразмус+ проекти со мобилности на ученици каде имаат можност да споделуваат искуства и добри практики на учење. Нашата цел е да создадеме безбедна, мотивирачка и современа средина за учење. *Членови на училишен тим: Ана Гиевска и Сашо Димковскиа* *Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ* **Активности и програма за работа на училишната библиотека/ медијатека** Училишната библиотека - медијатека располага со книжен фонд од: лектирни изданија, енциклопедии, стручна литература за наставници, сликовници и литература од различни жанрови (романи, раскази, поезија, драми, книжевна теорија и критика и др.) за кој врши детална систематизација и води електронска евиденција.Исто така, со цел полесен пристап до библиотечниот фонд, како и до информации поврзани со библиотечното работење, е спроведено дигитализирање на училишната библиотека, односно креирање на училишна дигитална

		е-библиотека во која имаме електронско внесување на целокупниот книжен фонд, како и регистрирање на ученици и наставници кои како корисници ќе можат, лесно и едноставно, да пребаруваат со каква литература располагаме и дали таа, во даден момент, е достапна. Библиотеката/медијатека е опремена со компјутери и има пристап до интернет кој е достапен на учениците за истражувачки активности од сите области за потребите во училиштето. Училишната библиотека има изготвено годишна програма за работа и во текот на учебната година се реализираат сите активности кои опфаќаат:воспитно- образовна работа со учениците (стимулација на култура на читање, стимулација на истражувачкиот, критичкиот и креативниот дух), соработка со наставниците, стручните соработници, директорот и родителите како и културна и јавна дејност. **Реализирани активности**: - Детална класификација и систематизација на библиотечниот фонд како еден од столбовите за организирана и функционална библиотека. - Истакнување на литература која е од особена важност за воспитно – образовниот процес, како и литература која е значајна од други аспекти: уметнички (естетски), книжевно – теориски, научен, културолошки, општествен и т.н. - Препорака на најразличен вид на литература според интересот и афинитетот, како и спрема личниот (естетски,интелектуален,

	Раководење со кадарот	културолошки) профил на учениците. - Развивање на читателски и креативни способности на учениците (оформување на вешти и посветени читатели) - Обработка на прочитана лектира; - Литературно и ликовно творење по повод „Месец на книгата“; - Учество на учениците на распишани конкурси од општина Куманово; - Развивање на критички став за вреднување на литературни дела со ученици од осмо и деветто одделение; - Учество во работилници со ученици и родители (Нова година, Патронен празник, Велигден); - Соработка со наставниците и директорот за набавка на помошен книжевен материјал како и дидактичко.–едукативен материјал; Исто така, библиотеката води грижа за литературата која е во дефицит, а е значајна за воспитно – образовната дејност. Цел на библиотеката е набавка на нови наслови на лектирни изданија, посебно на наслови кои се предвидени за обработка според новата наставна програма, како и нејзино доуредување. Од спроведената анкета со ученици и родители добиени се следниве резултати.

	Следење и унапредување на наставниот процес	Анкета со Ученици Тврдење 1: **Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време**. Учениците по однос на ова тврдење се согласни дека можат да земат книга или лектира од училишната библиотека во секое време. Мал дел, сепак, не се согласни со ова тврдење додека сосем незначителен дел од учениците не се сигурни. Тврдење 2: **Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера.** Најголемиот дел од учениците се слагаат со тоа дека библиотеката/медијатеката е место кое е пријатно за учење и читање. Сосема мал дел сепак не се согласни со ова тврдење. Анкета со родители Тврдење 3: **Училишната библиотека е достапна за сите ученици** Родителите во најголем дел сметаат дека библиотеката во училиштето е достапна за сите ученици подеднакво. Одреден дел на родители се изјасниле дека немаат информација или не знаат дали библиотеката им е достапна на учениците додека сосема мал дел сепак се изјасниле дека не се согласни со ова тврдење. *Член на училишен тим: Стефан Јовановиќ и Марина Дапчевска*

